# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
# НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2011 ГОДИНА

Врховниот суд на Република Македонија, на проширената Општа седница одржана на 25.4. и 26.4.2012 година, согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06), ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија во 2011 година, и на Општа седница одржана на 16.05.2012 година, ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### 1.Организација и функционирање

Врховниот суд на Република Македонија, во остварувањето на својата надлежност согласно Законот за судовите, на Проширената Општа Седница ги разгледа извештаите за работа на судовите во Република Македонија. Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката.

Судството кое обезбедува заштита на основните човекови права и слободи кои не само што се универзални и уживаат меѓународна заштита, туку и од нив во суштина зависи стабилноста, мирот и правдата во секоја современа демократска држава, во своето функционирање неопходно мора да ја има и поддршката на законодавната и извршната власт за приоритет во неговиот развој и изградба.

Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија констатира дека во обезбедувањето на независноста и самостојноста, професионализам, авторитет и ефикасноста на судството во Република Македонија, потребно е:

-постојано создавање услови за подобрување на ажурноста во работењето на судовите;

-користење на новата информатичка технологија на водење на предметите (тука ќе го спомнеме АКМИС-от и WEB страните на судовите во РМ);

-постојано усовршување на професионализмот и стручноста на судиите и судската администрација преку континуирана едукација и оспособување;

-почитување на самостојноста на судијата, но и неговата одговорност за стручно и совесно вршење на судската функција;

-негување на судскиот морал, етика и висок професионализам кои се сигурна основа за подигање на јавната доверба на граѓаните кон судиите и судовите;

-материјална и финансиска сигурност, општествено и материјално вреднување на судството, подобрување на угледот и авторитетот на судската функција.

Воведената информатичко-комуникациска технологија во сите судови во Република Македонија, модернизацијата во правец на транспарентноста, претставува отварање на судството кон граѓаните на начин на кој се јакне неговата одговорност, отчетност, а изложувајќи се пред очите на јавноста и се подобрува квалитетот на работењето на судовите.

Како резултат на позитивните трендови во македонското судство, со јакнење на капацитетот на институциите, подобрувањето на кадровските, просторните и материјалните услови за работа, едукацијата на кадрите, како и со примена на новините во процесните закони, растеретувањето на судството извршните предмети и прекршоците, конечно за работењето на судовите во 2011 година постигната е скоро целосна ажурност во решавањето на предметите.

## 2.Состојба со предметите во 2011 година

Податоците во рефератите по извештаите покажуваат дека судовите во Република Македонија во 2011 година вложиле голем напор и станува збор за голем број на донесени одлуки.

Во 2011 година, според прегледот од извештаите, состојбата со предметите (остаток од претходна година, новопримени, вкупно во работа и решени предмети), по судови е следна:

**ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА**

| Ред бр. | Суд | Нерешени | новопримени | вкупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 (3+4) | 6 | 7(5-6) | 8(6-4) |
| 1 | АС Битола | 2.189 | 9.128 | 11.317 | 9.779 | 1.538 | 651 |
| 2 | АС Гостивар | 1.394 | 4.578 | 5.972 | 4.962 | 1.010 | 384 |
| 3 | АС Скопје | 3.370 | 17.901 | 21.271 | 16.932 | 4.339 | -969 |
| 4 | АС Штип | 558 | 6.766 | 7.324 | 6.965 | 359 | 199 |
| | Вкупно предмети апелацио судови | 7.511 | 38.373 | 45.884 | 38.638 | 7.246 | 265 |
| 1 | ОС Скопје I Скопје | 48.815 | 79.690 | 128.505 | 74.643 | 53.862 | -5.047 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | ОС Скопје II Скопје | 348.634 | 103.261 | 451.895 | 364.440 | 87.455 | 261.179 |
| 3 | ОС Велес | 14.814 | 16.871 | 31.685 | 27.342 | 4.343 | 10.471 |
| 4 | ОС Гевгелија | 1.575 | 11.050 | 12.625 | 11.541 | 1.084 | 491 |
| 5 | ОС Кавадарци | 2.897 | 11.085 | 13.982 | 11.529 | 2.453 | 444 |
| 6 | ОС Кратово | 436 | 1.565 | 2.001 | 1.833 | 168 | 268 |
| 7 | ОС Крива Паланка | 783 | 4.459 | 5.242 | 4.501 | 741 | 42 |
| 8 | ОС Куманово | 37.417 | 31.160 | 68.577 | 54.243 | 14.334 | 23.083 |
| 9 | ОС Неготино | 11.840 | 6.385 | 18.225 | 14.450 | 3.775 | 8.065 |
| 10 | ОС Гостивар | 10.656 | 25.361 | 36.017 | 26.626 | 9.391 | 1.265 |
| 11 | ОС Дебар | 1.771 | 4.080 | 5.851 | 5.027 | 824 | 947 |
| 12 | ОС Кичево | 2.548 | 9.905 | 12.453 | 11.335 | 1.118 | 1.430 |
| 13 | ОС Тетово | 35.248 | 40.941 | 76.189 | 67.304 | 8.885 | 26.363 |
| 14 | ОС Битола | 23.329 | 21.595 | 44.924 | 32.048 | 12.876 | 10.453 |
| 15 | ОС Крушево | 2.948 | 2.425 | 5.373 | 3.634 | 1.739 | 1.209 |
| 16 | ОС Охрид | 14.729 | 17.195 | 31.924 | 18.662 | 13.262 | 1.467 |
| 17 | ОС Прилеп | 34.466 | 25.580 | 60.046 | 29.241 | 30.805 | 3.661 |
| 18 | ОС Ресен | 835 | 2.471 | 3.306 | 2.605 | 701 | 134 |
| 19 | ОС Струга | 3.922 | 14.164 | 18.086 | 14.229 | 3.857 | 65 |
| 20 | ОС Берово | 931 | 2.925 | 3.856 | 3.543 | 313 | 618 |
| 21 | ОС Виница | 432 | 3.700 | 4.132 | 3.789 | 343 | 89 |
| 22 | ОС Делчево | 1.023 | 4.916 | 5.939 | 5.226 | 713 | 310 |
| 23 | ОС Кочани | 9.225 | 13.509 | 22.734 | 21.369 | 1.365 | 7.860 |
| 24 | ОС Радовиш | 1.532 | 7.937 | 9.469 | 8.869 | 600 | 932 |
| 25 | ОС Св. Николе | 1.433 | 5.307 | 6.740 | 5.654 | 1.086 | 347 |
| 26 | ОС Струмица | 7.948 | 23.890 | 31.838 | 24.886 | 6.952 | 996 |
| 27 | ОС Штип | 7.390 | 17.770 | 25.160 | 19.702 | 5.458 | 1.932 |
| | Вкупно предмети основни судови | 627.577 | 509.197 | 1.136.774 | 868.271 | 268.503 | 359.074 |
| | суд | Нерешени | новопримени | вккупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
| 1 | Врховен суд на РМ | 2.037 | 5.487 | 7.524 | 3.489 | 4.035 | -1.998 |
| 2 | Виш управен суд | 0 | 55 | 55 | 50 | 5 | -5 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | **Управен суд на РМ** | **13.866** | **11.860** | **25.726** | **9.746** | **15.980** | **-2.114** |
| 3 | **Вк предмети апелацион и судови** | **7.511** | **38.373** | **45.884** | **38.638** | **7.246** | **265** |
| 4 | **Вк предмети основни судови** | **627.577** | **509.197** | **1.136.774** | **868.271** | **268.503** | **359.074** |
| | **Вкупно:** | **650.991** | **564.972** | **1.215.963** | **920.194** | **295.769** | **355.222** |

- Споредбено со претходната 2010 година, кога судовите почнале со заостаток на предмети од **960.837**, 2011 година судовите ја започнале со нерешени **650.991** предмети (за **309.846** предмети помалку или **32,24 %**).

Во 2011 година споредено со 2010 година, примени се помалку предмети. Во 2010 година примени се нови **683.979** предмети, а во 2011 година **564.972** нови предмети (што е за **119.007** предмети помалку од 2010 или **17,39%**).

Оттука, вкупно во работа во 2011 година судовите имале **1.215.963** предмети, а во 2010 година **1.644.816** предмети (што е за **428.853** предмети помалку или **26,07%**).

Судовите во 2011 година решиле вкупно **920.194** предмети, а во 2010 година **966.146** предмети (што е за **45.952** предмети помалку или **4,75%**).

Во 2010 останале нерешени **678.670** предмети, а на крајот на 2011 останале нерешени **295.769** предмети (со што заостатокот е намален за **382.901** предмети или **56,42%**).

- Вишиот Управен суд од отпочнувањето со својата работа со новопримени 55 предмети, решил 50, а 5 предмети останале нерешени на крајот од 2011 година.

- Управниот суд ја почнал 2011 година со **13.866** нерешени предмети, примил нови **11.860** предмети, со што вкупно во работа имал **25.726** предмети. Во 2011 година решил **9.746** предмети, со што останале нерешени **15.980** предмети. Со тоа Управниот суд не успеал да го совлада приливот на нови предмети и го зголемил заостатокот за **2.114** предмети.

- Апелационите судови 2011 година ја започнале со нерешени **7.511** предмети, примиле нови **38.373**, со што вкупно во работа имале **45.884** предмети. Во 2011 година Апелационите судови решиле 38.638 предмети, а останале нерешени **7.246** предмет, со што Апелационите судови го намалиле заостатокот за **265** предмети.

- Основните судови 2011 година ја започнале со нерешени **627.577** предмети, примиле нови **509.197** предмети или во 2011 година имале вкупно во работа **1.136.774** предмети. Од овие решени се **868.271**, со што останале нерешени **268.503** предмети. (Со тоа основните судови го намалиле заостатокот за **359.074** предмети.)

Од ваквиот преглед, произлегува дека во 2011 година скоро сите судови го совладале приливот, а решавале и од заостатокот на предмети, освен следните судови:

Вишиот Управен суд го зголемил заостатокот за мал број, од 5 предмети.

Управниот суд не успеал да го совлада приливот, а го зголемил заостатокот за 2.114 предмети.

Апелационите судови успеале да го совладаат приливот на нови предмети, решавајќи и од заостатокот, освен Апелациониот суд Скопје, кој го зголемил заостатокот за 969 предмети.

Сите основни судови успеале да го совладаат приливот на нови предмети, решавајќи и од заостатокот, освен Основниот суд Скопје I Скопје, кој го зголемил заостатокот за 5.047 предмети.

## 3. Број на предмети по судови во кои Врховниот суд на Република Македонија констатирал повреда на правото на судење во разумен рок за 2011 година

Во Управниот суд во 22 предмета,
Во Основниот суд Штип во 4 предмети,
Во Основниот суд Тетово во 3 предмети,
Во Основниот суд Струмица во 3 предмети,
Во Основниот суд Струга во 5 предмети,
Во Основниот суд Скопје II Скопје во 51 предмет,
Во Основниот суд Скопје I Скопје во 19 предмети,
Во Основниот суд Прилеп во 1 предмет,
Во Основниот суд Охрид во 14 предмети,
Во Основниот суд Неготино во 2 предмети,
Во Основниот суд Куманово во 17 предмети,
Во Основниот суд Крива Паланка во 4 предмети,
Во Основниот суд Кочани во 1 предмет,
Во Основниот суд Кавадарци во 1 предмет,
Во Основниот суд Делчево во 1 предмет,
Во Основниот суд Гостивар во 17 предмети,
Во Основниот суд Гевгелија во 2 предмети,
Во Основниот суд Битола во 21 предмет,
Во Основниот суд Берово во 1 предмети,
Во Основниот суд Велес во 7 предмети.

**4. Персонален состав**

Податоците за кадровската состојба, број на судии, стручни и советници со судската администрација, се значајни од аспект на капацитетот на човечките ресурси кои треба да го направат судството поефикасно и поквалитетно.

Компаративно во тригодишен период: во 2009 година, судската функција ја извршувале 635 судии, а во 2010 година 682 судии, а во 2011 година 678 судии.

Бројот на вкупно вработените (судии, стручни, администрација) се движи:

-2009 година 2.912
-2010 година 3.046
-2011 година 3.064

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО СУДОВИ

### ВИШ УПРАВЕН СУД

Вишиот управен суд е новооснован суд кој започна со работа од 30.06.2011 година согласно член 45 од Законот за управните спорови ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2006 и број 150/2011).

Судот сеуште не е воведен во Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети – А.К.М.И.С. поради што целокупната евиденција во судот се води во уписници и помошни книги.

По однос на човечките ресурси, односно кадровската екипираност, во судот се избрани 13 судии и Претседател на судот.

Во судската служба биле вработени 12 лица со превземање од Управниот суд од кои на 2 судски службеници им престанал работниот однос поради тоа што се избрани за судии во Управниот суд.

Според Правилникот за систематизација на работните места во Вишиот управен суд се предвидени 52 работни места.

Во Вишиот управен суд од основањето 30.06.2011 година до 31.12.2011 година се примени **55** предмети по различни основи од кои **50** се решени, а **5** останале нерешени на крајот на 2011 година. Оттука, според бројот на нерешени предмети,согласно критериумите на Врховниот суд на Република Македонија, Вишиот управен суд е **ефикасен суд.**

Работата по предметите во овој суд се одвивала во **3 специјализирани судски оддели** при што:

Во **првиот оддел**, одделот за имотна правна област и други права, примени се 11 предмети, и просекот на решени предмети изнесува **0,6** предмети месечно.

Во **вториот** оддел, оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, примен е 1 предмет, и просекот на решени предмети изнесува **0,05** предмети месечно.

Во **третиот** оддел, оддел за финансиски, царински, даночни и други права., примени се 43 предмети, и просекот на решени предмети изнесува **1** предмет месечно.

Бројот на примени и решени предмети во Вишиот управен суд ја потврдуваат оправданоста на начелното правно мислење на Врховниот суд на Република Македонија за отстапување на дел од управните предмети на понатамошно постапување на овој суд.

Ако се има во предвид оптовареноста на судот со предмети во извештајниот период од 30.06.2011 година, заклучно со 31.12.2011 година може да се каже дека просторните услови за работа и опременоста на судот со компјутери и друга техничка опрема задоволува.

Во наредниот период реално се очекува зголемување на бројот на примени предмети, а со тоа и поголем обем на работа поради што потребно е навремено пополнување на работните места со судски советници и соработници и дактилографи како би се обезбедило побрзо пишување и експедиција на завршените предмети.

Пополнувањето со Правилникот систематизирани работни места, ќе го изостри и проблемот со просторните услови за работа поради што потребно е навремено и трајно решавање на просторното сместување на овој суд. Имајќи ја во предвид работната поврзаност на овој суд со Управниот суд, треба да се испита можноста и двата суда да се сместат во иста зграда на кој начин трајно ќе се обезбедат задоволителни просторни услови за работа.

## УПРАВЕН СУД

**Управниот суд** претходната година ја завршил со заостаток од **13.866** предмети, а во извештајната 2010 година примени се **11.867** предмети, или вкупно во работа во судот биле **25.726** предмети. Во текот на годината решени се **9.746** предмети, а останале нерешени **15.980** предмети.

Во споредба со 2010 година, во извештајниот период приливот е зголемен за **2.075** предмети. И покрај тоа што е зголемен бројот на решени предмети за **3.424,** приливот не е совладан, а заостатокот е зголемен за **2.170** предмети.

Просекот на решени предмети во 2011 година изнесува **928** предмети месечно што е за **326** предмети месечно повеќе од претходната. Вкупниот број на нерешени предмети е **15.980**, што претставува **17,2%** месечен заостаток, поради што Управниот суд према критериумите на Врховниот суд на Република Македонија е **неефикасен суд.**

Во споредба со 2010 година кога биле решени вкупно **6.322** предмети или просечно по **26,1** предмет месечно, во текот на извештајниот период просекот на решени предмети изнесува **30,9** предмети месечно.

По однос на квалитетот од вкупно решените **9.746** предмети обжалени се **1.078** одлуки или **11 %.** Од обжалените се решени **432** од кои се потврдени **266** или спрема вкупно решените предмети **2,7 %**, преиначени **104** или **1 %**, укинати **18** или **01 %** и отфрлени **44** или **0,4 %**.

Спрема бројот на решените предмети по жалба спрема податоците од Управниот суд потврдени се **61,6 %**, укинати **4,2 %**, преиначени **24 %**, и отфрлени жалби **10,2%**.

Според податоците на Врховниот суд на Република Македонија, по жалба се решени **570** УЖП предмети од кои се потврдени **320** или **56%**, преиначени **140** или **24,6 %**, укинати **20** или **3,5 %**, отфрлени **76** или **13,3 %** и на друг начин се решени **14** или **2,4 %**.

По жалба против решенијата за времени мерки се решени вкупно **36** предмети од кои се потврдени **31** или **86 %,** укинати **4** или **11 %**, и на друг начин е решен **1** предмет или **2,7 %**.

Работата по предметите во овој суд се одвива во **шест** специјализирани оддели при тоа:

Во **првиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **30** предмети месечно. На ниво на оддел се решени **1.048** предмети. Обжалени се **176** одлуки или **16,8 %**. Од обжалените се решени 66 од кои се потврдени **35** или спрема вкупно решените **3,3 %**, преиначени **21** или **2 %**, укинати **4** или **0,4 %** и отфрлени **6** или **0,6 %**. Во однос на бројот на решените предмети по жалба се потврдени **53%**, укинати **6 %**, преиначени 3**1,8 %** и отфрлени **9 %**.

Во **вториот оддел** просекот на решени предмети во првиот совет изнесува **38,9** предмети месечно, а на вториот совет **24,7** предмети месечно. На ниво на оддел се решени **2.003** предмети. Обжалени се **293** или **14,6 %**. Од обажелените се решени **103** од кои се потврдени **67** или спрема вкупно решените предмети **3,3%**, преиначени **21** или **1 %,** укинати **8** или **0,3 %** и отфрлени **7** или **0,3 %**. Спрема бројот на решените предмети по жалба се потврдени **65%**, укинати **7,8 %**, преиначени **20,3 %** и отфрлени **6,8 %**.

Во **третиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **30,6** предмети месечно. Во овој оддел се решени **1.287** предмети. Обжалени се **144** или **11%**. Од обжалените се решени **103** од кои се потврдени **77** или спрема вкупно решените предмети **6 %**, преиначени **18** или **1,4 %**, укинати **4** или **0,3 %** и отфрлени **2** или **0,2 %.** Спрема бројот на решените предмети по жалба се потврдени **74,7%** , укинати, **3,9 %**, преиначени **17,5 %** и отфрлени **3,9 %.**

Во **четвртиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **50** предмети месечно. Во овој оддел се решени **2.148** предмети. Обжалени се **187** или **8,7%** . Од обажалените се решени **25** од кои се потврдени **12** или спрема вкупно решените предмети **0,6 %**, преиначени **10** или **0,5 %**, укинати нема и отфрлени **3** или **0,1 %**. Спрема бројот на решените предмети по жалба потврдени се **48%**, укинати нема, преиначени **40 %** и отфрлени **0,1 %**.

Во **петтиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **30,4** предмети. На ниво на оддел се решени **1.595** предмети. Обжалени се **191** или **12 %**. Од обжалените се решени **67** од кои се потврдени **29** или спрема вкупно решените **1,8 %,** преиначени **21** или **1,3 %**, укинати **1** или **0,06 %** и отфрлени **16** или **3,2 %**. Спрема бројот на решени предмети по

жалба се потврдени **43,3%**, укинати **1,4%**, преиначени **31,3%** и отфрлени **23,9%**.

Во **шестиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **26,4** предмети месечно. Во овој оддел се решени **1.665** предмети. Обжалени се **82** или **4,9%**. Од обжалените се решени **57** од кои се потврдени **39** или спрема вкупно решените предмети **2,3 %**, преиначени **11** или **0,6 %**, укинати **1** или **0,06 %** и отфрлени **6** или **0,3 %.** Спрема бројот на решени предмети по жалба се потврдени **68 %**, укинати **1,7 %,** преиначени **19 %** и отфрлени **10,5 %.**

Управниот суд во 2011 година работел во полоши услови за работа во споредба со 2010 година. Поради изборот на нови судии и 9 нови судски соработници, се чувствува недостаток од компјутери и друга техничка опрема, канцелариски мебел и несоодветно просторно сместување на вработените.

Кадровското екипирање со нови судии и вработување на 9 нови стручни соработници, влева надеж дека овој суд во 2012 година ќе го совлада приливот на предмети и ќе започне со намалување на заостатокот. Но загрижува фактот што 12 вработени од судската служба на 31.07.2011 година се превземени од Вишиот управен суд, а упразнетите места не се пополнети поради што се доведува во прашање нормалното функционирање на судот. Ова особено ако се има во предвид дека приливот на предмети во споредба со 2010 година е зголемен за 2.075. И покрај тоа што е зголемен бројот на решени предмети за 3.424, приливот не е совладан, а заостатокот е зголемен за 2.170 предмети.

Недоволниот број на судски референти – извршители во писарница и дактилографи, ја отежнува и успорува работата на судот и не може да не се одрази на посакуваниот ефект со кадровското екипирање на судот со зголемен број на судии и вработување на стручни судски соработници.

Просекот на решени предмети за 2011 година изнесува 928 предмети месечно. Вкупниот број на нерешени предмети е 15.980 што претставува 17,2 % месечен заостаток, поради што Управниот суд според критериумите на Врховниот суд на Република Македонија е неефикасен суд.

## АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

### АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

**Апелациониот суд Скопје** во 2011 година вкупно имал во работа **21.271** предмети, од кои **3.370** предмети пренесени од 2010 година и **17.901** новопримени предмети. Обемот на работа во извештајната 2011 година во однос на претходната година бил зголемен за **693** предмети, што се должи на зголемениот прилив од **1.562** предмети во однос на претходната година.

Во текот на оваа година од вкупниот број на предмети во работа, решени се **16.932** предмети, односно **276** предмети помалку во однос на

претходната извештајна година, а останале нерешени **4.339** предмети, што е за **969** предмети повеќе во однос на претходната година, што се должи на зголемениот обем на работа на судот во извештајната година.

Поаѓајќи од вкупниот број решени предмети и бројот на судии кои ја извршуваат судиската функција во извештајната година во овој суд, заостатокот може да се реши до **3 месеци**, што значи дека во однос на својата ефикасност и ажурност за решавање на наведениот заостаток, судот се смета за **апсолутно ефикасен суд**.

По однос на **квалитетот на работењето** и тоа поаѓајќи од квалитетот на работењето на ниво на оддел, во **кривичниот оддел,** предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија, по изјавени правни средства биле **195** одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува **3,03%** од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, **129** биле потврдени, што претставува **66,15%** од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, односно **2,00%** од вкупно решени предмети; **24** одлуки биле укинати, што претставува **12,31%** од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно **0,37%** од вкупно решените предмети и **9 о**длуки се преиначени, што претставува **4,62%** од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно **0,14%** од вкупно решените предмети. Квалитетот во **граѓанскиот оддел**, каде што спаѓаат **граѓанските спорови, трговските спорови и работните спорови,** по повод изјавени правни средства биле **603** одлуки на Апелациониот суд, што претставува **5,74%** од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои **315** биле потврдени, што претставува **52,24%** од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно **3,00%** од вкупно решените предмети; **78** одлуки биле укинати, што претставува **12,94%** од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно **0,74%** од вкупно решени предмети и **49** одлуки биле преиначени, што претставува **8,13%** од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно **0,47%** од вкупно решените предмети. Во однос на работата по стари предмети, во текот на 2011 година, судот имал вкупно во работа **2.470** од овој вид предмети (предмети по кои од датумот на прием во судот се поминати две години), од кои во извештајната година, завршени се **2.082** предмети, а останале незавршени **388** предмети.

Во текот на извештајната година, поаѓајќи од бројот на решени предмети и просечниот број на судии кои постапувале по истите, 46 судии, произлегува дека месечно секој судија решавал по 35 предмети, од што може да се заклучи засилен ангажман на носителите на судиската функција. Заради негово поефикасно и поажурно работење, неопходно е пополнување на бројот на судиите согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија од 1.07.2010 година, според која, функцијата во овој суд треба да ја извршуваат 51 судија и Претседателот на судот. Воедно, потребно е судот да се доекипира со непополнетиот стручен судски кадар предвиден со систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, како и да се изврши пополнување на испразнетите работни места на судските референти-дактилографи.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

Во **Апелациониот суд Гостивар** во текот на 2011 година имал вкупно во работа **5972** предмети од кои **1.394** предмети незавршени од претходната година и новопримени во 2011 година по сите основи **4.578** предмети.

Во текот на извештајната година решени се **4.962** предмети, што претставува **83,08%** од вкупниот број предмети во работа, а споредено со примените предмети, приливот е совладан или решени се повеќе **384** предмети.

Податокот дека судот извештајниот период го завршил со **1010** нерешени предмети, по сите основи, произлегува дека на секој од судиите на крајот на извештајниот период во работа му останале по **67,3** предмети, што преставува приближно **тромесечен заостаток на работа** и судот го детерминира на степен на **ефикасен суд**

По однос на **квалитетот во пресудувањето**, состојбата е следна:

Во **граѓанската материја** од доставените **173** вонредни правни лекови пред Врховниот суд на Република Македонија, вратени се **52**, од кои потврдени се **8** или **15 %** , укинати се **7** или **13, 5 %** и преиначени се **3** или **5,8 %**, отфрлени **11** или **21,15 %**., а од „РОЖ" предметите, потврдени се **6** или **11,5 %**, а **7** или **13 %** се отфлени и од „ТСЖ„ **1** или **2 %** е укината , **1** иули **2 %** е преиначени и **3** или **6 %** се отфрлени.

Во **кривичната материја** од доставени вонредни правни лекови се **52** пред ВС на РМ, од кои вратени се **57** (5 од претходниот период) од кои **40** или **70,2 %** се потврдени, 8 или 14 % се укинати и **5** или **8,77%** се отфрлени.

По однос на а**нгажираноста и квалитетот на работата на судиите**:

Во **граѓанскиот оддел**, судиите просечно месечно решавале кај „ГЖ„ предметите по 159,14 , кај „ТСЖ„ по 45,43 , кај „ РОЖ„ по 33,62 и „Р„ по 5,9 предмети.

Во **кривичниот оддел,** судиите просечно месечно решавале, кај „КЖ„ предметите по 56,38 кај „КСЖ„ по 9,3 и „КР„ предмети по 6,8.

Во однос на **состојбата со стари и нерешени предмети**:

**Кривичниот оддел** во извешетајната година имало 173 предмети во работа, од кои биле пренесени 17, а примени во 2011 година се 156 предмети. Од тие решени се 162, а 11 останале нерешени.

**Прекршочни предмети** вкупно стари предмети биле 92, од кои 26 се пренесени, примени се 66, а од тие решени се 89 и само 3 останале нерешени.

**Граѓанскиот оддел**, во работа имал **2015** стари предмет, од кои **714** биле пренесени, **1301** се примени, од тие решени се **1536**, а **479** предмети останале нерешени.

Во извештајниот период, судот имал потешкотии во работењето, врзано за непотполнетоста на потребниот број на извршители двајца судии помалку и значително непотполнетост на работните места во админстративно стручните работи. За подобро работење на судот, потребно е да се пополни бројот на судии и дел од бројот на потребните судски службеници, според проектирани приорити.

Судот успеал да го совлада годишниот прилив на предмети, а судиите поединечно ги оствруваат ориентационите норми.

Податоците за траењето на постапката покажуваат дека најголем број предмети се решаваат до 1 месец, но, не е мал бројот на предмети по кои постапката трае 3 до 6 месеци и над тоа, на што судот треба да посвети поголемо внимание.

По однос на квалитет, искажаните податоци по сите основи, покажуваат дека судот траба да посвети дополнително внимание.

Квалитетот се поставува како императив во постапувањето на судот, ако се имаат во вид и резултатите и податоците од работењето на Основните судови од тоа апелационо подрачје, за кое судот ќе мора континуирано да укажува и да им помага на пониските судови во делот на судската пракса и уедначена примена на законите и решавањето на старите предмети.

Заклучните согледувања од минатиот извештаен период и предлог мерките кои судот ги превзел, даваат резултати и со тие судот треба да продолжи и во наредниот извештаен период.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Во **Апелациониот суд Битола** во 2011 година имал вкупно во работа биле **11.317** предмети или помалку **829** предмети во споредба со 2010 година имало **12.146** предмети. Од нив во извештајната година решени се **9.779** предмети, односно **178** предмети помалку. Во 2011 година решен е приливот и е намален заостатокот за **651** предмет, односно од **2.189** предмети во 2010 година, на **1.538** предмети во 2011 година.

Апелациониот суд Битола според бројот на нерешените, **1.538,** предмети кои останале на крајот на 2011 година, бројот на судиите, месечно решените предмети во просек по судија од **32,51** предмети и ваквиот заостаток, кој може да се реши за 2 месеци, е **апсолутно ефикасен суд**.

Во однос на ангажираноста на **работата по оддели**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** во 2011 година во однос на 2010 година имал примено во работа помалку **139** предмети, го решиле приливот, и го намалиле зостатокот за **98** предмети.

Во **граѓанскиот оддел,** второстепени граѓански предмети ГЖ, приливот е решен и заостатокот е намален за **330** предмети.

Во однос на **состојбата со стари и нерешени предмети**:

Стари предмети нема. Во 2011 година на крајот од годината останале само **30** предмети постари од 6 месеци, што претставува големо намалување споредено со 2010 година кога останале **105** предмети постари од 6 месеци.

По однос на **ангажираноста во работата на судиите**:

Судиите решавале над ориентационата норма и во кривичната и во граѓанската област и во просек месечно решавале поединечно по **32,51** предмети.

За нормално функционирање, ефикасно и квалитетно одлучување по предметите, да се продолжи со добра кадровска политика при избор на судија за секое испразнето место од соодветна област и со добри резултати од првостепените судови. Во 2012 година да се пополнат сите испразнети места за стручниот кадар и административно-техничкиот персонал согласно новата систематизација. Да се интензивира соработката со Врховниот суд на Република Македонија. Да се следи остварувањето на планот за решавање на стари нерешени предмети во текот на 2011 година кај основните судови, а по барање на судиите од основните судови да се остваруваат што поголем број на работни средби за укажување на секаква помош.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

Во 2011 година во **Апелациониот суд Штип** имало во работа вкупно **7.324** предмети од кои 558 предмети нерешени од претходната година по сите основи и **6.766** предмети новопримени во текот на извештајната година. Од вкупниот број на предмети решени се **6.965** предмети, а останале нерешени по сите видови вкупно **558** предмети.

Споредено со претходната 2010 година, кога се примени во работа **6.891** предмети, произлегува дека во извештајната година е намален бројот на новопримените предмети за **125** предмети. Заостатокот на крајот од 2010 година изнесува вкупно **558** предмети, а пак заостатокот на нерешени предмети на крајот на 2011 година изнесува **359** предмети, што значи дека во однос на претходната година заостатокот е намален за **199** предмети иако за **125** предмети бил намален бројот на новопримените предмети, а тоа подразбира дека судот бил апсолутно ажурен, бидејќи остатокот на нерешените предмети на крајот на 2011 година е битно намален во споредба со заостатокот од претходната извештајна година.

Оваа констатација се заснова на фактот што овој заостаток на предмети, **359**, ако се подели на 17 судии, на крајот од годината на секој судија, во просек, би останале по **21.11** предмети, што претставува **1 месечен заостаток.**

Времетраењето на постапката во судот е во рамките на законските рокови, многу добра, за која што подразбира дека судот е ефикасен така што од вкупно решените предмети **6.965, 6.753** или **97%** од предметите се решени до **3** месеци.

Компарирајќи ги сите статистички податоци кои се однесуваат на времетраењето на постапката, може да се заклучи дека Апелациониот суд Штип за 2011 година во целост е **ажурен суд** од причина што вкупниот број на решени предмети, **6.965** предмети, **6.753**, или **97%**, предмети се решени до три месеци. Постапката над 6 месеци траела само по **9** предмети.

Во однос на **квалитетот на работењето**, во текот на 2011 година, процентот на потврдени одлуки е многу висок. Од граѓанските предмети, од страна на Врховниот суд на Република Македонија вратени се **100** предмети, од кои **54** предмети, или **54**%, се потврдени **,** **10** предмети, или **10**%, се укинати**,** **19** предмети, или 13%, се преиначени и по **26** предмети,

или 18%, е отфрлен правниот лек. Во текот на 2011 година, Врховниот суд на Република Македонија постапил по **57** кривични предмети по поднесено барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда од кои **53** предмети или **93%** се потврдени, **1** предмет е преиначен и **4** предмети се укинати.

Во однос на **ангажираноста во работењето на судиите**, судиите во кривичниот оддел оствариле **91.50%** од предвидената норма утврдена со одлука на Судскиот Совет на РМ (овде се пресметани сите предмети од сите видови по кои постапувал судијата од кривичниот оддел), а пак судиите од граѓанскиот оддел ја оствариле нормата и решиле **29%** повеќе од предвидената норма утврдена со одлука на Судскиот Совет на РМ.

Општа констатација е дека Апелациониот суд Штип апсолутно ефикасно и ажурно ја извршува предметната активност и постапувањето по предметите, меѓутоа, значително е забележителна и вонпредметна ангажираност на Претседателот на судот, која е манифестирана преку давање на стручна помош на судиите од пониските судови за подрачјето, разјаснување на спорни прашања, преку учество на континуирана едукација, семинари, советувања и тркалезни маси, како и други активности поврзани со извршување на судиската функција. Нужно е во иднина да се продолжи со континуирана одлука не само на судиите туку и на другите вработени како и са се продолжи со осовременување на информатичката технологија која се применува во судот, нејзиното надоградување и продолжување на обуката. Да се доекипира судот со вработени во судската администрација, посебно со судски советници-дипломирани правници, дактилографи, кој ќе придонесува за ефикасноста и по квалитетното одлучување по предметите во целина.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ

Основниот суд Скопје I Скопје е првостепен кривичен суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје. Судот постапува по предмети за кривични дела од областа на организиран криминал и корупција за цела територија на Република македонија. од организиран криминал и корупција за територијата на цела Република Македонија.

Работата во Основниот суд Скопје I Скопје е организирана по оддели и одделенија и тоа: Кривичен оддел за организиран криминал и корупција, Кривичен оддел за полнолетни, кривичен оддел за малолетници, Истражно одделение, Оддел за прекршоци и Оддел за извршување на санкции и мерки на безбедност.

Во текот на 2011 година на работа имал вкупно **128.505** предмети, од кои **48.815** од претходната година и ново примени **79.690** предмети. Од вкупниот број на предмети **128.505**, во текот на извештајната година се решени **74.643** предмети, а како нерешени на крајот на извештајната година останале вкупно **53.862** предмети, што значи **5.047** предмети повеќе во споредба со претходната година кога останале нерешени **48.815** предмети.

По однос на **квалитетот на одлуките** според просекот на ниво на оддел на сите судии, се констатира следното: Во одделот за организиран криминал **73,58%** од одлуките се потврдени, квалитетот се оценува за **многу добар.** Квалитетот на кривичните предмети за полнолетни лица на ниво на оддел со **60,98%** потврдени предмети се оценува за **добар.**Квалитетот на предметите на Кривичниот совет од **93,56%** потврдени предмети е **одличен.** Квалитетот на прекршочни предмети со потврдени **58,8 %** е **добар**.

Што се однесува до **ефикасноста** може да се констатира по однос на кривичните дела од **организиран криминал** судот **е ефикасен**, имајќи во предвид сложеноста на предметите, бројот на обвинетите и обемноста на доказниот материјал.

Во решавањето на **кривичните предмети полнолетни** судот во извештајната година успеал да го намали бројот на нерешени предмети од 4.319 на 3.855 нерешени предмети.

Намалување на нерешени предмети е забележано и во **кривично малолетните предмети** и тоа од 107 нерешени на крајот на 2010 година на 66 нерешени предмети во извештајната година.

Тенденција на намалување на нерешени предмети е евидентирано во **истражните предмети** и тоа од 1.561 нерешена истрага на крајот на 2010 година, на 1.499 нерешени истраги на крајот на извештајната година.

Бројот на нерешени **кривични санкции НУИ – КУИКП** е намален од 1.736 на 1.541 нерешени предмети на крајот на 2011 година.

Од статистичките показатели може да се заклучи дека судот е ефикасен во постапувањето на овие видови предмети.

Зголемувањето на вкупниот број на нерешени предмети од 48.815 на 53.862 нерешени предмети на крајот на извештајната година во споредба со претходната година, се должи пред се на зголемување на нерешени предмети на определени **истражни дејствија** од 3.739 на 4.624 нерешени предмети, на **прекршочните санкции** од 5.518 на 8.987 нерешени предмети и на **кривичните санкции – наплата** од 1.744 на 4.252 нерешени предмети, што претставува драстично зголемување на нерешени предмети од овој вид во споредба со претходната година.

Заостатокот на нерешените предмети во најголем број се предмети од Одделот за кривични санкции и тоа кривични санкции – наплата, како резултат на измена на Законот за извршување, Законот за измена на Законот за даночна постапка, како и други поправни закони, што само по себе подразбира објективна неможност за завршување и совладување на приливот од овој вид предмети, како и економската состојба и другите пропратни проблеми поврзани со извршувањето.

Во однос на **состојбата со стари и нерешени предмети,** се констатира следното: Бројот на старите **кривични предмети** заклучно со 2009 година изнесува вкупно **788** предмети од кои најмногу, 368 предмети од 2009 година. **Кривични малолетнички предмети** не се евидентирани како нерешени стари предмети. **Кривични истраги** вкупно како нерешени се евидентирани **286**. **Истражни дејствија** како нерешени предмети стари се евидентирани 1.154. Како **прекршочни предмети** како стари се евидентирани **4.002**. Кривични предмети од **организиран**

**криминал** се евидентирани **16** предмети, а како нерешени **истраги од организиран криминал** се евидентирани **5.**

Основниот суд Скопје I Скопје како најголем суд во републиката е единствен кривичне суд кој е и надлежен за кривичните дела од организиран криминал и корупција за целата територија на Република Македонија, кој во текот на извештајната година во решавањето на предметите е **ефикасен суд,** ако притоа се има во предвид околноста во кои судот ја извршување судската функција, дека на тројца судии им мирува мандатот, а во тек е постапката за избор на нови судии, а некои судии се избрани во втората половина на извештајната година.

Иако по однос на претходната година во судот се примени помал број на предмети, но ова кореспондира со бројот на решените и нерешените предмети, така да крајот на годината бројот на нерешените предмети во споредба со претходната година е намален.

**Оценката за квалитетот** на решавањето на предметите, е многу добра и истата резултира по извршната оценка на показателите по однос на бројот на обжалените одлуки, бројот на потврдените одлуки, укинатите и преиначените одлуки само по однос на одлуката за кривичната санкција.

**Ефикасноста на судот** во извештајната година во значителна мера е рефлекс на објективните околности, пред се на бројот на обвинетите лица по определени кривични предмети, посебно во Одделот за организиран криминал, обемниот доказен материјал, ангажирани повеќе бранители во еден предмет, доказите обезбедени со примена на ПИМ мерките, изборот на нови судии во текот на извештајната година, подолговременото отсуство на судии поради здравствени проблеми, односно отсуството на современата информатичка технологија и проблемот со имплементација на програмата АКМИС како и просторните услови – отсуство на судници.

Се забележува **успешна комуникација** на Претседателот на судот и на сите судии и соработка со разни субјекти, државни органи и институции и меѓународни организации, посебно со Академијата за судии и јавни обвинители во спроведување на програмата за почетна и континуирана едукација, посебно во активностите за афирмација на новиот концепт на Законот за кривична постапка, со активно вклучување на одделни судии како едукатори, а и учесници во други семинари и советувања.

Судот бил **апсолутно транспарентен** пред јавноста, комуникација била реализирана преку Канцеларијата за односи со јавноста, во склоп на кабинетот на Претседателот на Судот.

До**екипираноста на судот** со судии, администрација, со изградба на судската зграда и современа информатичка технологија, секако се гаранција дека во иднина судот ќе биде поефикасен, поквалитетен и ќе се постапува во разумен рок почитувајќи го притоа и начелото на владеење на правото.

Нужно во иднина да се фокусира активноста во уште подобро **организирање на сите ресурси**, соодветен распоред на судиите вработени во определени области, целосно ангажирање и зајакнување на довербата во судот и судскиот систем, посебно ако се има во предвид дека станува збор за единствен кривичен суд кој има поголем број на

судии и постапува и по кривичните дела од организиран криминал и други посложени кривични дела, кои перманентно е под опсервација на стручната и пошироката јавност.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

**Основниот суд Скопје II Скопје** функционира како првостепен граѓански суд со **основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје.**

Во извештајната година овој суд имал вкупно во работа **451.895** предмети од кои **348.634** предмети останати нерешени од претходната година и **103.261** предмети новопримени во текот на годината. Вкупно решени се **364.440** предмети, а останале нерешени **87.455** предмета.Во дадената бројка се и извршни предмети, од кои: **291.986** нерешени предмети од претходната година, ново примени предмети **270**, вкупно во работа **292.149** предмети, вкупно решени предмети **253.381** предмет, останале нерешени извршни предмети **38.875**.

На ниво на суд е совладан годишниот прилив, при што е совладан приливот во одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност, трговски спорови, одделот за стечај и ликвидација, извршниот оддел, одделот за платни налози, како и за регистрација на политички партии, верски заедници, цркви и религиозни групи. Само по однос на семејни спорови, одделот за работни спорови и одделот за оставински и ВПП предмети не е совладан приливот, но со тоа не е нарушена состојбата на судот на годишно ниво. Треба да се истакне дека е постои намалување на бројот на старите нерешени предмети во кои влегуваат и укинатите предмети.

Во извештајната година судот персонално целосно не бил екипиран, се судрувал со материјални и финансиски проблеми, **работел ангажирано и ефикасно.**

Во однос на **квалитетот на решавањето на предметите**, состојбата е следна:

Квалитетот на одлуките во **граѓански парнични предмети** е **67%** од одлуките се потврдени, **20,6**% укинати, **1,6%** делумно укинати, а **10,3%** се преиначени. Во одделот за **работни спорови** соодносот на вратени предмети по жалба е: **68,4%** потврдени, **15,8%** укинати, **3%** делумно укинати, **12,8%** преиначени. Во оделпт за **трговски спорови** соодност на вратени предмети по жалба е: **75,6**% потврдени, **15,9%** укинати, **1,6%** делумно укинати, **6,9%** преиначени. Во оддел за **стечај и ликвидација** останале нерешени **2** укинати предмети. Во **одделот за оставински и вонпроцесни предмети** соодносот на вратени предмети по жалба од Апелационен суд Скопје е: **74%** од одлуките се потврдени, **25%** се укинати, **1%** преиначени. Во одделот за **извршни предмети** соодносот на вратени извршни предмети, Р. ВРМ и ППНИ – ИПК е следен: **59,6%** од одлуките се потврдени, **33,7%** укинати и **1,1%** делумно укинати, а **5,6%** од одлуките се преиначени. Во одделот за **платни налози** соодносот на вратените предмети е: **79,2%** се потврдени, **12,5%** се укинати, **2%** од одлуките се делумно укинати и **2,3%** се преиначени.

Во однос на **состојбата со стари и нерешени предмети,** се констатира следното: Во **граѓанскиот оддел** намален е бројот на старите нерешени предмети, при што во 2011 година останале нерешени **1.660** стари предмети. Во одделот за **работни спорови** на крајот на 2011 година останале нерешени стари **97** предмети**, во** кои влегуваат и укинати предмети**.** Во одделот за **трговски спорови** намален е бројот на старите нерешени предмети, во 2010 година останале нерешени 1.079 предмети, а во 2011 година останале нерешени **1.062** стари предмети**.** Во одделот за стечај и ликвидација намален е бројот на старите нерешени предмети во кои влегуваат и укинатите предмети, така да останале нерешени предмети **136.** Во одделот за **оставински и вонпроцесни предмети** старите нерешени предмети во кои влегуваат и укинатите предмети се **187** стари предмети.

Судот да може ефикасно да ја остварува својата функција и надлежност што му е доверена со закон, потребно е да бидат одобрени средства за целосно покривање на материјално финансиските потреби на судот и целосна персонална екипираност.

## ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

**Основниот суд Велес** во текот на 2011 година својата функција ја остварува како првостепен стварно и месно надлежен суд **со проширена надлежност.** Истиот а постапува и по предмети од подрачјето на основните судови Гевгелија, Кавадарци и Неготино.

Во извештајната година во Основниот суд Велес вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува **14.814** предмети, а во текот на годината новопримени се **16.871** предмет, што значи вкупно во работа биле **31.685** предмети. Од нив во текот на годината решени се **27.342** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **4.343** предмет. Според овие податоци, во текот на извештајната година Основниот суд Велес го совладал приливот и го намалил бројот на нерешени предмети за **10.471** предмет. Со вкупно нерешени **4.343** предмети Основниот суд Велес се смета за **ажурен суд**.

Во однос на **квалитетот на одлуките** состојбата е следна:

Квалитетот на одлуките на ниво на **кривичен оддел**, според новата методологија која поаѓа од вкупно решените предмети, е:укинати **4,9%** и преиначени **1,9%**. Квалитетот на одлуките на ниво на **прекршочен оддел** е:укинати **4,9%** и преиначени **1,9%**. Квалитетот на одлуките на ниво на **граѓански оддел** е:укинати **2,5%** и преиначени **0,7%**.Квалитетот на одлуките на ниво на **трговски одде**л е: укинати **1,9%** и преиначени **0,2%**.

Во тековната година потребно е судот да го задржи истото ниво на ангажираност, а за надлежните органи постои обврска да ги разрешат финансиските проблеми на судот.

## ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

**Основниот суд Гевгелија** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во текот на 2011 година во Основниот суд Гевгелија во работа имало вкупно **12.625** предмети, од кои **1.575** предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а **11.050** предмети се новопримени. Во однос на претходната година кво извештајната година обемот на предмети во работа е намален за **2.108** предмети, а исто така и приливот на предмети е намален за **1.434** предмети. Во текот на извештајната година решени се вкупно **11.541** предмети или **91.31%**, а останале нерешени **1.084** предмети или **8.59%.**

Согласно наведеното во извештајната 2011 година во овој суд целосно е совладан годишниот прилив на предмети и е решено за 491 предмет повеќе од приливот што ја дава квалификацијата за **апсолутна ажурност и ефикасност** во постапувањето на ниво на суд.

Согласно критериумот за **оценување на квалитетот** по бројот на необжалени и потврдени предмети во однос на вкупно решените предмети, квалитетот на пресудување на ниво на суд изнесува 95,38 %. Во кривичниот оддел, квалитетот на пресудувањето изнесува 96,7 % а пак во граѓанскиот оддел е 92,5 %.

Во однос на состојбата со **старите предмети** во извештајната година, вкупно во работа имало **206** стари предмети од кои **117** се пренесени како нерешени од претходниот период, новопримени се 89 предметі од кои решени се **199** предмети или **57,77%,** а останале нерешени **87** предмети или **42,23%.**

Основниот суд Гевгелија во текот на извештајната година остварил позитивни резултати, целосно е совладан приливот што ја дава квалификацијата на **апсолутно ефикасен суд**. Основниот суд Гевгелија треба да продолжи со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките со интензивирање на процесот на целокупното работење преку засилен личен ангажман на судиите во насока на решавање на поголем број предмети, подобрување на квалитетот во пресудувањето и постојано стручно усовршување на судиите .

## ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

**Основниот суд Кавадарци** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во овој суд во текот на 2011 година вкупно во работа биле **13.982** предмети од кои **2.897** предмет останати нерешени од претходната година, а во текот на годината новопримени се **11.085** предмети. Од нив, решени биле **11.529** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **2.453** предмети. Во споредба со претходната година, вкупниот обем на работа во судот е намален за **4.455** предмети. Примени се **4.911** предмети помалку и решени се **4.011** предмети помалку.

Во 2011 година, Основниот суд Кавадарци, го совладал годишниот прилив на предмети а заостатокот на нерешени предмети од 2010 година, е намален за **444** предмети.

Од наведените податоци може да се заклучи дека Основниот суд Кавадарци во 2011 година бил **ажурен и ефикасен суд**.

Во однос на **квалитетот на одлуките** состојбата е следна:

Од **истражните предмети 7** биле по жалба до кривичниот совет и сите се потврдени. Во **кривичниот оддел** од обжалените одлуки потврдени се **67,21%**, укинати **27,05%**, преиначени **3,28%** и делумно укинати **2,46%**. Во **прекршочниот оддел** од обжалените одлуки **80,79%** се потврдени, **9,85**% се укинати, а преиначени се **9,36%.** Во **граѓанскиот оддел** од обжалените одлуки потврдени се **79,65%**, укинати се **14,74%**, преиначени се **3,51%** и делумно укинати се **2,11%**. Од обжалените **платни налози** по приговор второстепениот суд потврдил **67,95%**, укинал **17,95%** и преиначил **14,10%**. Од обжалените **93 вонпроцесни предмети**, второстепениот суд потврдил **72,41%**, а укинал **27,59%**.

Во однос на состојбата со **старите предмети** во извештајната година, решени се **3** стари граѓански предмети, така што останале нерешени **6** граѓански предмети, **1** кривичен предмет и **2** вонпроцесни стари предмети. Од вкупниот број стари предмети **165** се оставински предмети кои се доверени кај нотарите, **239** предмети се извршни предмети кои се трансферирани кај извршителите.

Имајќи го предвид бројот на примени предмети за работа, заостатокот на предмети од претходната година и кадровските состојби во судот може да се констатираат следните предлог заклучоци: Судот во извештајниот период покажал **задоволителен степен на ажурност и ефикасност.** Во судот во наредниот период треба да се решат кадровските проблеми со пополнување на испразнетите работни места дадени конкретно во извештајот и да се решат материјално - финансиските проблеми.

## ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

**Основниот суд Кратово** е првостепен суд со **основна надлежност.** Во текот на 2011 година во овој суд вкупно по сите основи биле примени се **1.565** предмети и заедно со **436** нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле **2.001** предмети. Во текот на 2011 година, решени биле **1.833** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **168** предмети. Судот во текот на 2011 година го совладал приливот за **268** предмети.

Во однос на квалитетот на одлучувањето, кој е задоволувачки, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно решени **92** предмети на ниво на суд, обжалени биле вкупно **26** предмети или **28,3%** од кои потврдени се **17** предмети или **65,4%,** укинати се **7** предмети или **26,9%** и преиначени **2** предмети или **7,7%.**

Во **прекршочниот оддел** од вкупно решени **282** предмети на ниво на суд обжалени биле вкупно **24** предмети или **8,5**%, од кои потврдени се вкупно **11** предмети или **45,8**%. Укинати се **7** предмети или **29**%. Преиначени **6** предмети или **25%.**

Во **граѓанскиот оддел о**д вкупно решени **178** предмети на ниво на суд обжалени биле вкупно **89** предмети или **50%**, од кои потврдени се

вкупно **60** предмети или **67,4%**. Укинати се **25** предмети или **28%**. Праеиначени **4** предмети или **4,4%.**

Во Основниот суд Кратово вкупно **стари нерешени предмети** има вкупно **2**, и тоа од областа на кривичните предмети **1** предмет во 2007 година и од граѓанските предмети **1** предмет во 2008 година.

Во извештајната година судот не бил целосно персонално екипиран, бидејќи според одлуката бројот на судиите е предвиден на 5, а судот работел со 4 судии, бидејќи 1 судија со одлука на Судскиот совет на РМ беше делегиран за судија во Основниот суд Скопје II Скопје. Треба да се настојува да се подобрат просторните и финансиските услови за работа на судот. Во текот на 2011 година Основниот суд Кратово го совладал приливот на ново примени предмети за **268** предмети. Судиите ја оствариле орентационата норма. Квалитетот на работењето на судиите е задоволувачки.

## ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

**Основниот суд Крива Паланка** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во текот на извештајната година во Основниот суд Крива Паланка биле вкупно во работа **5.242** предмети од кои **783** останати нерешени предмети од претходната година и **4.459** предмети новопримени во текот на годината. Од вкупниот број предмети во работа во текот на годината биле решени **4.501** предмети од сите видови, односно останале нерешени **741** предмети. Судот во текот на 2011 година не го совладал целосно приливот, односно истиот е совладан во кривичниот, меѓутоа не е совладан во граѓанскиот оддел.

Во однос на **квалитетот и ангажираноста** на судиите во Основниот суд Крива Паланка, може да се констатира следната состојба: Квалитетот во пресудувањето во **граѓанските предмети** (парнични) е: **86,1%** потврдени, **10,5%** укинати, 2,9% преиначени и **0,3%** делумно укинати. Се работи за даден процент према бројот на обжалените одлуки. Кај **кривичните предмети** (полнолетни) процентот на укинати е **32,5%**, процент на потврдени **60,5%** и преиначени е **6,9%**.

Квалитетот на пресудување во **прекршочните предмети** е **15,1%** укинати предмети, **67,2%** потврдени предмети и **17,6%** преиначени предмети.

Во однос на **старите предмети** во Основниот суд Крива Паланка во изветшајната година е сведен на занемарлив број, односно во работа во извештајната 2011 година се само **3 п**редмети и тоа се парнични – сите од 2009 година.

Во извештајната година во судот вкупно се решени 4.501 предмет, меѓутоа, ако од вкупниот број од 741 нерешен предмет се одземат нерешените 425 предмети на нотарите, нерешениот вкупен број на предмети во судот изнесува 316 предмети и месечниот просек во решавањето е 292,3 предмети, се заклучува дека нерешените предмети можат да се решат за 1 месец. Предното упатува дека Основниот суд Крива Паланка и покрај дефицитарноста во судски персонал – 2 судии во целата 2011 година и 1 судија во втората половина од годината со

својата посветеност, ефикасност и ажурност го задржува статусот на апсолутно **ажурен и ефикасен суд**, кое својство го има повеќе години, а што треба да биде стремеж и во иднина.

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

**Основниот суд Куманово** спаѓа во првостепените судови со **проширена надлежност.**

Во текот на 2011 година судот во работа има вкупно **68.577** предмети и тоа: **37.417** незавршени од претходните години и **31.160** ново примени.Споредено со 2010 година кога вкупниот обем на работа изнесувал **71.035** предмети, во 2011 година тој обем е намален за **2.458** предмети или **3,46%**. Ново примени предмети во 2011 година биле **31.160** предмети по сите основи. Споредено со 2010 година кога биле примени **28.288** предмети, во 2011 година тој број е зголемен за **2.872** предмети или за **9,21%**. Во 2011 година вкупно биле решени по сите основи **54.243** предмети, споредено со претходната 2010 година биле решение **33.618** предмети, повеќе се решени за **20.625** предмети или за **38,02%.** Во 2011 година во судот останале нерешени по сите основи 14.334 предмети. Споредено со претходната година заостатокот намален е за **23.083** предмети или за **53,67%**.

Основниот суд Куманово во 2011 година го совладал приливот на новите предмети по сите основи и решил вкупно **54.243** предмети, на крајот на годината ја завршил со нерешени **14.334** предмети.

Во однос на **квалитетот на решавање на предметите** состојбата е следна:

Во 2011 година од вкупно решените **1.462 кривични предмети**, биле обжалени **523** предмети или **35,77%**, од кои: потврдени биле **277** предмети или **18,94%**, укинати **194** предмети или **13,26%** и преиначени **52** предмети или **3,55%**.

Квалитетот на пресудувањето на **граѓанските парници** во Основниот суд во Куманово во текот на 2011 година покажува дека од вкупно решените **1.410 предмети**, **480** предмети биле обжалени од кои **327** предмети биле потврдени или **23,19%**, **107** предмети укинати или **7,58%** и **46** предмети преиначени или **3,26%**. Од прикажаните резултати произлегува дека во 2011 година квалитетот е солиден поголем е процентот на потврдените пресуди сопоредено со бројот на укинатите предмети.

Квалитетот на пресудувањето кај **прекршочните предмети** изнесува од вкупно завршените **6.477** предмети, обжалени биле **436** предмети или **6,73%** од кои потврдени **319** предмети или **4,92%**, укинати **50** предмети или **0,77%** и преиначени **67** предмети или **1,03%**

Во извештајната година Основниот суд Куманово го совладал приливот на нови предмети по сите основи, вкупно биле решени 54.243 предмети или 23.083 предмети повеќе од приливот кој изнесувал 31.160 предмети. Од извештајот се констатира дека Основниот суд Куманово во 2011 година работел ажурно, а според остатокот на нерешените предмети од 14.334 предмети со бројот на судии кои што постапувале во 2011 година 37, заостатокот на предмети може да биде совладан за 4

месеци, што по своја суштина претставува констатација дека Основниот суд Куманово може да **се стави во категоријата на ажурни и ефикасни судови.**

Во 2011 година посебно да се обрати внимание на материјалното финансиско работење на судот и обезбедување на сите услови за работа на судиите, како и подобрување на просторните услови за вршење на судиската функција на судиите. Во предметното работење на судиите потребно е да се вложат уште поголеми напори за поединечно усовршување и зголемување на квалитетот на работењето како во кривичниот така и во граѓанскиот оддел.

## ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО

**Основниот суд Неготино** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во текот на извештајната 2011 година судот имал 11.840 предмети по сите основи од претходната година, новопримени биле 6.385 предмети или вкупно во работа во извештајната година биле 18.225 предмети. Од нив во текот на годината решени се 14.450 предмети, а останале нерешени 3.775 предмети. Судот го совладал приливот на новите предмети во судот, а во исто време е намален и заостатокот на нерешените за предмети. Според постигнатите резултати, судот спаѓа во категоријата на **ефикасни и ажурни судови**.

По однос на **ангажираноста и квалитет на работењето на судиите** (во просек на ниво на оддел) се констатира:

Просечниот квалитет на работа на судиите кои биле ангажирани во **граѓанскиот оддел** изнесува **77,21%** на потврдени одлуки, **20,59%** укинати и **1,47%** преиначени одлуки. Во кривичниот оддел постигнатиот квалитет на работењето изнесувал **41,9%** потврдени предмети, **13,3%** укинати и **43,8%** преиначени предмети.

Во извештајната година, во судот останале незавршени **39 стари предмети,** најголем број од 2009 година**,** и тоа **3** кривични, **19** граѓански, **3** вонпроцесни **и 14** прекршочни предмети.

Во извештајната 2011 година, Основниот суд Неготино работел во добри просторни услови со информатичка технологија со која била овозможена примена на електронска евиденција при заведувањето и движењето на предметите преку АКМИС Системот, со непотполнети работни места за судски соработници и технички секретари на судии, благајник и хигиеничар и со потполнет број на судии и тоа 7, од кои по предметите постапувале само 5 судии вклучувајќи го и претседателот на судот, со оглед да двајцата новоизбрани судии користеле подолг временски период породилно отсуство и боледување.

Од податоците на извештајот за работата на Основниот суд Неготино, по сите основи во извештајната година се констатира дека судот вкупно во работа имал **18.225** предмети, од кои **11.840** нерешени предмети од претходната година и **6.385** новопримени предмети, од кои вкупно решил **14.450** предмети, а како нерешени останале **3.775** предмети.

Според вакviте услови и обем на работа и бројот од 5 судии кои постапувале по сите предмети, вклучувајќи го и претседателот на судот, произлегува општа оценка дека судот постигнал **апсолутна ефикасност и ажурност во работењето,** бил совладан приливот на новите предмети во судот, а во исто време е намален и заостатокот на нерешени предмети за **8.065** предмети од претходната година и тоа без извршните предмети кои во овој суд биле во работа заклучно со месец јуни 2011 година. Од друга страна разликата на решени во однос на новопримени предмети изнесува **2.060** предмети што значи дека судот го намалил заостатокот на предмети за исто толкав број, односно го совладал приливот на предмети. Остатокот на вкупно нерешени **3.775** предмети во сите оддели и по сите основи на крајот на извештајната 2011 година, а имајќи го предвид вкупниот број на **14.450** решени предмети, покажува дека судот постигнал апсолутна ажурност во работењето и дека остатокот од нерешени предмети може да го реши за **3 месеци**.

По однос на постигнатиот квалитет според изложените податоци, може да се констатира дека судот постигнал задоволителни резултати во граѓанскиот оддел, што не би можело да се верификува и за квалитетот постигнат во кривичниот оддел, кој квалитет е незадоволителен. Овој квалитет е оценет како соодност помеѓу бројот на обжалени и бројот на вратени предмети по жалба.

## ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

**Основниот суд Гостивар** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во текот на 2011 година Основниот суд Гостивар во работа имал вкупно **36.017** предмети, од нив **10.656** биле предмети пренесени како нерешени од претходната година, а ново примени во текот на 2011 година имало **25.361** предмет. Од овој број во текот на 2011 година вкупно биле решени **26.626** предмети, а останале нерешени **9.391** предмет. Овие податоци покажуваат дека овој суд во текот на 2011 година целосно го совладувал приливот на ново дојдени предмети од **25.261** предмет и во исто време го намалил бројот на нерешени предмети од претходната година за **21.586** предмети.

Општа оценка во сите оддели е дека судиите го совладале приливот на предмети и го намалиле остатокот на предмети. Бројот на нерешените кривични предмети е зголемен и во овој оддел судиите не успеале да го решат приливот на кривичните предмети и покрај нагласениот ангажман. Исто така и во граѓанскиот оддел не е совладан приливот на новодојдени предмети и расте бројот на нерешени предмети.

Што се однесува до квалитетот на пресудување, по **оддел** се констатира следното: .

Во **кривичниот оддел** од вкупно решени **424** предмети, обжалени биле **168** предмети од кои потврдени **52** предмети, укинати **29** предмети и преправени **21** предмет.

Во 2011 година од вкупно решените **7.496 прекршочни предмети**

вкупно биле обжалени **918** предмети, од нив биле потврдени **257** предмети или **3,43%**, а укинати биле **144** предмети или 1,92% и преправени **356** предмети или **4,75%**

Од вкупно решениете **1.605 граѓански парници**, обжалени се **346** предмети или **20,10%**. Од нив потврдени се **160** предмети или **9,30%**, укинати се **111** предмети или **6,45%** и преправени **16** предмети или **0,93%**

Од вкупно решените **924 стопански предмети**, **134** предмети биле обжалени или **14,50%**, од нив **61** предмет биле потврдени или **6,60%**, укинати биле **156** предмети или **6,6%,** а преправени **7** предмети или **0,76%**. Во однос на стечаите вкупно биле решение **271** предмет од кој само **1** бил обжален и истиот бил потврден.

Врз основа на извештајот за работата на Основниот суд во Гостивар за 2011 година може да се констатира дека овој суд е **ажурен суд** и во текот на извештајната година успеал да го реши приливот на ново дојдени предмети и да покаже намалување на нерешените предмети од претходната година. Судиите во одделни материи решиле приближно до ориентационата норма, но во некој вид на предмети решавале и значително над ориентационите норми.

Во извештајната година повторно се покажале како ненадминати состојби од претходниот период, а кои влијаеле за ефикасноста и ажурноста на судот. Па така повторно се укажува на непотполнети судиски места кои биле предвидени со бројот кој го определил Судскиот совет на Република Македонија, а исто така повторно е укажано и на непотполнети работни места во администрацијата.

Посебно се изразува потреба од зголемување на обемот на финансиските средства потребни за редовно работење на судот и заради навремена исплата на сите неизмирени обврски кои се однесуваат на заостанати долгови кои се поврзани со вршење на услуги за потребите на судот.

## ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

**Основниот суд Дебар** како првостепен суд со **основна надлежност** во 2011 година имал вкупно во работа **5.851** предмет од кои **1.771** незавршени предмети од претходните години и **4.080** новопримени предмети. Од овој број на предмети во текот на годината завршени биле **5.027**, а на крајот од годината останале **824** нерешени. Се истакнува дека во вкупната бројка на предмети во работа не влегуваат **280** примени предмети во 2011 година од административна работа на судот.Споредено со нерешените во 2010 година, оваа година приливот на нови предмети бил совладан, а заостатокот на незавршени предмети бил намален за **947** или **53,47%**. Ваквата констатација во однос на податоците со предметите укажува дека Основниот суд Дебар се вбројува во групата на **ефикасни судови.**

Во однос на вреднувањето на **квалитетот и констатации за ангажираноста** и **квалитетот во работата на судиите**, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** во 2010 година останале незавршени **1.332** предмети. Во текот на извештајната година се примени нови **937** и од

вкупниот број на **2.692** предмети во работа, завршени се вкупно **1.813** предмети, а останале незавршени **456** предмети. Овие податоци покажуваат дека приливот е совладан и заостатокот е намален за **876** предмети или за **65,76%**.

Од вкупно завршени **204 парнични предмети** во 2011 година обжалени се **64**. Одлучени се по жалба **69** предмети и од нив се потврдени **44** или **21,56%** од вкупно решените предмети, **19** се укинати или **9,31%**, **2** потврдени-укинати или **0,98%** и **4** се преправени или **1,96%**.

Во Основниот суд Дебар, во извештајната година вкупно во работа биле **110** кривични предмети од кои останале незавршени **26,** со што заостатокот е совладан за **2** предмети. Од вкупно завршените **84** кривични предмети, обжалени се **19** и од нив **15** се потврдени или **79%**, а **4** укинати или **21%** или од вкупниот број на завршени предмети потврдени се **17,85%**, а укинати **4,76%**.

Кај **прекршочните предмети**, во извештајната година во судот се примени **905,** завршени се **1.001,** останале незавршени **217** со што е совладан заостатокот за **96** предмети или за **30,67%.** Од вкупно завршените **1.001** предмет обжалени се **65** и од нив **3** се потврдени или **1,95%**, а укинати **5** или **3,25%.**

Од искажаните податоци за работењето на Основниот суд Дебар во извештајната 2011 година, може да се констатира дека Основниот суд во Дебар го совладал приливот на нови предмети и заостатокот од **1.771** незавршени предмети од 2010 година го намалил по сите видови за **947** предмети или **53,47%**.

Совладан е приливот на кривични предмети за полнолетни лица, истраги, прекршочни предмети и вонпарнични предмети (освен за оставинските предмети), а не е совладан приливот на парнични предмети и извршување на кривични и прекршочни санкции. Заради ова е потребна поголема ангажираност на судиите по овие незавршени предмети.

Како заклучно согледување се искажува оценка за Основниот суд Дебар како **ефикасен суд** кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за **1,7** месеци.

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

**Основниот суд Кичево** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во извештајната година, Основниот суд Кичево имал вкупно во работа **12.453** предмети, од кои **2.548** предмети незавршени од претходниот период и **9.905** новопримени предмети во текот на годината. Во текот на годината решени се **11.335** предмети, а останале нерешени **1.118** предмети. Судот го совладал редовниот прилив на предмети и го намалил заостатокот од претходната извештајна година.

Во однос на констатациите за **ангажираноста и квалитетот на постапувањето во одделите** во Основниот суд Кичево, состојбата е следна:

Во текот на извештајната 2011 година во **граѓанскиот оддел** се примени парнични предмети и тоа вкупно во работа биле **3.076** предмети

од кои **373** предмети останале нерешени од претходната година и во текот на извештајната година се примени **2.703** предмети. Од овој број на предмети решение се **2.728** предмети, а останале за решавање уште **348** предмети. Од овие податоци произлегува дека во овој оддел судиите го совладувале во целост приливот, а успеале да го намалат заостатокот од претходната година.

Во извештајната 2011 година Основниот суд во Кичево вкупно во работа имал **546 кривични предмети** против полнолетни лица. Од овој број успеале да решат **403** предмети, а останале нерешени **143** предмети, што значи дека во тековната година судиите успеале да го разрешуваат приливот и го намалиле заостатокот од претходната година. Што се однесува до квалитетот во работењето во кривичниот оддел од вкупно решените **403** предмети, обжалени се **159** предмети или **39,45%**, а необжалени останале **244** предмети или **60,54%**. Во однос на вкупниот број на решени укинати се **35** предмети или **8,68%**, а преиначени се **15** предмети или **3,72%**.

Во тековната 2011 година Основниот суд во Кичево постапувал вкупно по **2.117 прекршочни предмети.** Во прекршочните предмети од вкупно решените **1736** предмети биле обжалени само **168** предмети или **9,67%**, а необжалени останале **1.568** предмети или **90,32%**. Од вкупно решените **1.736** прекршочни предмети укинати се **82** предмети или **4,72%**, а преиначени **40** предмети или **2,30%.**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека во извештајната 2011 година Основниот суд во Кичево го совладал приливот на предметите и во граѓанскиот и кривичниот оддел, потенцирајќи ја големата ефикасност во делот на извршувањето на санкциите, а со посебено направените напори за совладување на приливот постигнато е намалување на заостатокот од претходната 2010 година. Се напоменува дека и во оваа година е задржана динамиката на зголемен број на ново примени предмети во кривичниот и во граѓанскиот оддел, единствено повторно намален број односно повеќе и не постојат извршни предмети, што е резултат на околноста што во овој оддел повеќе не се примаат нови предмети.

Од постигнатите резултати судот **е ефикасен и ажурен суд** (заостаток за 3 месеци). И во оваа извештајна година недостасуваат административни работници и стручни соработници, исто така останал и нерешен проблемот со шалтерскиот систем за кој не се одобрени средства.

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

**Основниот суд Тетово** е суд со **проширена надлежност** и еден од најголемите судови во Република Македонија.

Во Основниот суд Тетово од сите области од неговата надлежност, на крајот на 2010 година останале нерешени **35.248** предмети. Новопримени се **40.941** предмет во текот на 2011 година. Вкупно во работа во текот на 2011 година биле **76.189** предмети. Вкупно решени се **67.304** предмети. На крајот на извештајната година како нерешени останале **8.885** предмети.

Во текот на извештајната година, според постигнатите резултати, овој суд генерално го совладал приливот на предмети.

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** примени се вкупно **22.192** нови предмети, а решени се вкупно **44.218** предмети од што може да се констатира дека е совладан годишниот прилив на предмети, а исто така, намален е вкупниот број на нерешени предмети од **23.875** предмети кои како нерешени останале од предходниот извештаен период на **1.849** предмети на крајот на извештајниот период, што зборува за зголемување на ефикасноста на овој оддел во решавањето на предметите. Граѓанскиот оддел го има совладано годишниот прилив по сите видови предмети освен во делот на вонпроцесните предмети што е резултат на нерешените **536** оставински предмети кои останале нерешени кај нотарите, а како број на нерешени предмети се водат на судот.

Во **кривичниот оддел**, примени се вкупно **18.749** нови предмети, а решени се вкупно **23.086** предмети од што може да се констатира дека е совладан годишниот прилив на предмети, а исто така, намален е вкупниот број на нерешени предмети од **11.373** предмети кои како нерешени останале од предходниот извештаен период на **7.036** предмети на крајот на извештајниот период, што зборува за зголемување на ефикасноста на овој оддел во решавањето на предметите. Кривичниот оддел го има совладано годишниот прилив по сите видови предмети освен во делот на предметите за превземање на определени истражни дејствија, кривични предмети спрема малолетни сторители на кривични дела, како и во делот на извршувањето на прекршочните санкции.

Состојбата со **прекршочните предмети** укажува на совладан прилив на предмети, примени се **14.607** нови предмети, а решени се **15.522** предмети во текот на извештајниот период. Намален е бројот на нерешени предмети во споредба со предходниот извештаен период од **7.398** предмети на **6.483** нерешени предмети.

По однос на **квалитетот на постапувањето во овие оддели**, состојбата е следна:

Од вкупно решените **2.201 процесни парнични предмети** во текот на извештајниот период, вкупно биле обжалени **791** предмет или **35,94%**. Во текот на 2011 година второстепениот суд постапувал по **689** обжалени предмети. Од нив, **503** предмети или **73%** се потврдени, **163** предмети или **24%** биле укинати, а **16** предмети или **2%** се преиначени додека **7** обжалени предмети или **1%** биле во дел потврдени или укинати. Во однос на вкупно решените укинати се **7,41%**, преиначени се **0,73%**, а делумно потврдени или укинати се **0,32**%..

Во решавањето на **кривичните предмет**и спрема полнолетни сторители на кривични дела, од вкупно решените **894** кривични предмети во текот на извештајниот период, вкупно биле обжалени **211** предмети или **23,6%**. Во текот на 2011 година второстепениот суд постапувал по **211** обжалени предмети. Од нив, **125** предмети или **59%** се потврдени, **48** предмети или **23%** биле укинати, **31** предмети или **15%** се преиначени

додека **7** обжалени предмети или **3%** биле во дел потврдени или укинати. Во однос на вкупно решените **5,37%** биле укинати, **3,47%** биле преиначени и **0,78%** во дел биле потврдени или укинати.

Од вкупно решените **1.522 прекршочни предмети** во текот на извештајниот период, вкупно биле обжалени **969** предмети или **63,67%** предмети. Во текот на 2011 година второстепениот суд постапувал по **447** обжалени прекршочни предмети. Од нив, **114** предмети или **26%** се потврдени, **85** предмети или **19%** биле укинати, **219** предмети или **49%** се преиначени додека **29** обжалени предмети или **6%** биле во дел потврдени или укинати. Во однос на вкупно решените **5,58%** биле укинати, **14,39%** биле преиначени и **1,91%** во дел биле потврдени или укинати.

Во однос на податоците за **состојбата со старите предмети** во граѓанскиот и кривичниот оддел, состојбата е следна:

На крајот на извештајната година во граѓанскиот оддел останале стари нерешени вкупно **89** предмети, а во кривичниот оддел останале само **11** стари нерешени прекршочни предмети.

Основниот суд во Тетово, во текот на извештајната година според постигнатите резултати го има совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд со оглед дека примени се вкупно **40.941** нови предмети, решени се вкупно **67.304** предмети, а намален е вкупниот број на нерешени предмети од **35.248** предмети кои како нерешени останале од предходниот извештаен период на **8.885** предмети на крајот на извештајниот период.

Ваквите позитивни резултати, во дел се последица на измените во Законот за извршување и предавањето на извршните предмети и предметите заведени по тужби со предлог за издавање платен налог на извршителите односно нотарите заклучно со 01.07.2011 година, но секако и како резултат на ажурноста на судиите искажана преку податоците за совладаниот прилив по останатите видови предмети.

Имајќи предвид дека во текот на извештајната година вкупно се решени **67.304** предмети, како и вкупниот број на останати нерешени **8.885** предмети, според бројот на решените предмети во текот на извештајната година, останатите нерешени предмети можат да се решат **за период од 1,4 месеци односно до 3 месеци**, поради што Основниот суд Тетово може да се смета за **апсолутно ефикасен суд.** Овој суд бележи значителен напредок во однос на искажаната оценка за ефикасност и ажурност на судот за 2010 година кога беше оценет како релативно ефикасен суд со оглед дека имаше останати нерешени предмети кои можат да се решат за период од преку 6 месеци.

Имајќи го предвид релативно малиот број предмети кои како нерешени останале на крајот на извештајниот период, во текот на 2012 година може да се постигнат подобри резултати во работењето на судот, да се зголеми ефикасноста и квалитетот на работењето на судиите, задржување на дисциплината и одговорноста на сите судии и ставање во функција на сите капацитети, за да сите постапки се спроведат без одложување и да се оствари правото на секој учесник во постапката за правично судење.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

**Основниот суд Битола** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во 2011 година, Основниот суд Битола по сите видови вкупно во работа биле **44.924** предмети, од кои примени во текот на годината **21.595** предмети и пренесени како нерешени од претходната година **23.329** предмети. Од овие решени биле **32.048**, а останале нерешени **12.806** од кои **7.282** извршни предмети и **5.594** предмети од останатите области.

Треба да се спомене фактот да во 2011 година судот започнал со **16.948** извршни предмети, не примал нови предмети од оваа област, вкупно решил **9.666** предмети, останале нерешени **7.282** предмети. За овие број на предмети следувала постапка за трансфер према приватни извршители, односно нотари.

Судот во 2011 година го совладал приливот на предмети **21.595** предмети и го надминал заостатокот за **10.453** предмети. Во споредба со 2010 година кога судот имал вкупно во работа **59.988** предмети од кои решил **36.659** предмети, а останале нерешени **23.329** предмети. Судот во 2011 година имал вкупно во работа **15.064** предмети, примил помалку **7.176** предмети и решил помалку **4.611** предмети.

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** по сите основи биле примени вкупно **7.452**. Вкупно во работа биле **10.487** предмети. Од нив решени се **7.402** предмети, а останале нерешени **3.079** предмети.

**Во граѓанскиот оддел** по сите уписи во 2011 година примени се **13.341** предмет, по сите уписи во 2011 вкупно во работа биле **33.636** предмети, решени се **23.851** предмет, останале нерешени **9.785** предмети.

Во однос на **квалитетот на решавање на предметите**, состојбата е следна:

Во 2011 година од **2.505** предмети во постапка по жалба одлучувал Апелациониот суд. Од нив на ниво на суд потврдени се **1.796** предмети или **71,70%**, по **530** постапки по жалба предметите се укинати или **21,16%**, по **153** постапки по жалба предметите се преправени или **6,11%** и по **26** постапки по жалба предметите се делумно укинати или **1,04%** од вкупниот број на решаваните предмети по жалба.

Во **кривичниот оддел** преку исход на жалбената постапка просекот на потврдени предмети изнесува **69,74%**, на укинати **26,64%**, на преправени **2,30%** и на делумно укинати **1,32%**.

Во **прекршочниот отсек** просекот на потврдени изнесува **71,57%**, на укинати **22,04%**, на преправени **6,07%** и на делумно укинати **0,32%**.

Во **граѓанскиот оддел** на предметите со ознака П и РО степенот на потврденост изнесува **66,96%,** на укинати **23,58%**, на преправени **7,82%** и на делумно укинати **1,64%**.

Во 2011 година, судот посебно внимание обрнал на решавање на **старите предмети** и во таа област постигнати се добри резултати. Судот годината ја започнал со **264** стари предмети, а завршил со **235.** Од овој број на стари предмети, најголем број се граѓански предмети **137** или **58,29%**.

Имајќи го предвид бројот на примените предмети за работа, бројот на остатокот на предмети од претходната година и имајќи ги во предвид и кадровските состојби во судот, можат да се констатираат следните предлог заклучоци:

Судот во извештајниот период покажа **висок степен на ефиксасност и ажурност,** ова уште повеќе заради што судот во просек за цела година работел со помалку 3 судии.

Судот во наредниот период треба да обрне посебно внимание на решавање на старите предмети, така да со ваквиот број на судии и непримање на извршни предмети, не може да се толерираат понатаму стари нерешени предмети од објективна природа.

Во наредниот период судот треба кадровски да се опреми со пополнување на испразнетите работни места од сите профили дадени конкретно во Извештајот на конкретниот суд.

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

**Основниот суд Крушево** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во судот од претходната година незавршени останале **2.948** предмети, од кои во текот на извештајната година новопримени се **2.425** или вкупно во работа во текот на годината биле **5.373** предмети. Од овие предмети решени се **3.634** предмети, останале нерешени **1.739** предмети, од кои **1.273** извршни предмети се отстапени на нотари и извршители, така да реално останале нерешени **466** предмети на крајот на извештајната година. Ова значи дека судот го совладал приливот и намален е остатокот на нерешени предмети.

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** во 2011 година, биле примени вкупно **1.123** предмети, а со остатокот од **312** предмети од 2010 година, вкупно во работа биле **1.435** предмети. Од нив решени се **1.083** предмети, а останале нерешени **352** предмети.

Во **граѓанскиот оддел** во 2011 година, биле примени **1.063** предмети, а со остатокот од **2.636** предмети од 2010 година, вкупно во работа биле **3.699** предмети. Решени се **2.312** предмети, а останале нерешени **1.387** предмети.

Во однос на **квалитетот во пресудувањето**, според бројот на предметите, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел**,во случајот на кривични предмети за полнолетни сторители, од вкупно решените **28** предмети, **8** предмети биле обжалени,. Од нив **4** или **50%** се потврдени и **4** или **50%** укинати.

Во **прекршочниот оддел** од вкупно решените **444** предмети биле обжалени **42** предмети, решени по жалба биле **40** одлуки, од кои потврдени биле **22** предмети или **55%**, укинати **14** или **35%** и преправени **4** или **10%** предмети. Се бележи зголемување на квалитетот во работењето на прекршочните предмети и тоа кај потврдените за 15% и кај преправените за 16%, истакнувајќи дека преправените се само по однос на одлуката за казна.

Во **граѓанскиот оддел** од решените **270** спорни граѓански предмети и **14** приговори на платни налози по жалба биле **88** предмети. Одлука е донесена од второстепениот суд во **74** предмети, од кои **57** предмети или **77%** се потврдени, **1** или **1%** предмет е преправен**, 13** или **18%** предмети се укинати, делумно укинати се **3** предмети или **4%**. Квалитетот на работење во граѓанскиот оддел е зголемен во споредба со 2010 година, кај потврдени одлуки за **33%,** кај укинатите одлуки за **13%** и кај преправените одлуки за околу **20%**.

Што се однесува до старите нерешени предмети се констатира следната состојба:

Во **кривичниот оддел** за полнолетни лица има само **1** стар предмет од 2009 година, по кој предмет по замолен пат од друга држава се чека известување.

Во **прекршочниот оддел** нема стари нерешени предмети, ниту пак има застарени предмети.

Во **граѓанскиот оддел** од нерешените предмети стари се **3** предмети.

Во извештајната година судот иако персонално целосно не бил екипиран, како и во однос на судскиот кадар, истиот работел ангажирано и **ефикасно** што се гледа од фактот што целосно е совладан приливот и намален е остатокот на нерешените предмети, а квалитетот споредено со претходната извештајна година е подобар. Во тековната година вкупно во работа биле **5.373** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **466** предмети, па основано може да се очекува дека овој суд и понатаму ќе ја подобрува својата ефикасност и ажурност, бидејќи заостатокот може да го реши за период од **1 месец**.

Во годината што доаѓа, судот посебно треба да обрне внимание на квалитетот на решавање на предметите, бидејќи помеѓу судиите постојат разлики во бројот на потврдени и укинати одлуки и да се зголеми процентот на потврдени одлуки

Во судот во наредниот период треба да се решат кадровските проблеми со пополнување на испразнетите работни места дадени конкретно во извештајот.

## ОСНОВЕН СУД ОХРИД

**Основниот суд Охрид** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во извештајната година во овој суд биле вкупно во работа **371.924** предмети од кои **14.729** предмети од претходната година и новопримени **17.195** предмети во текот на годината. Од овие предмети решени се **18.662** предмети, а на крајот на извештајната година останале нерешени **13.262** предмети, што значи совладан е приливот и намален е заостатокот што укажува на **ажурно и ефикасно работење** на овој суд.

Со оглед на тоа што заостатокот на предметите од извештајната година може да се реши за период до **6 месеци**, Основниот суд Охрид се вбројува во категоријата **ефикасни судови.**

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од претходната 2010 година биле пренесени **1.092** предмети. Примени биле **1.790** предмети. Решени биле **1.830** предмети, а нерешени останале **1.052** предмети. Нерешениот број на предмети е намален за **40** предмети. Судиите успеале да го совладаат приливот на предмети.

Во **прекршочниот оддел** од претходната, 2010 година, биле пренесени **2.423** предмети. Примени биле **2.544** предмети. Решени биле **3.374** предмети, а нерешени останале **1.593** предмети. Нерешениот број на предмети е намален за **827** предмети. Судиите од одделот успеале да го решат приливот на предмети и значително да го намалат бројот на нерешените предмети.

Во **граѓанскиот оддел** (не вклучувајќи ги извршните и вонпроцесните предмети) состојбата е следна: од претходната, 2010 година, како нерешени биле пренесени **2.197** предмети. Примени биле **8.351** предмет. Решени биле **8.682** предмети, а нерешени останале **1.866** предмети. Нерешениот број на предмети е намален за **331** предмет. Судиите од одделот успеале да го совладаат приливот на предмети и во добар број да го намалат бројот на нерешените предмети.

Во однос на **квалитетот во пресудувањето**, според бројот на предметите, состојбата е следна:

Квалитетот на одлуките, во **кривичниот оддел**, според новата методологија од судија до судија се движи за укинати одлуки од од **9%** до **13,6%**, со исклучок на **1** судија со укинати **0,7%** и за преиначени одлуки од **0,9%** до **4,4%**. Квалитетот на одлуките според новата методологија од судија до судија, во **прекршочниот оддел**, за укинати одлуки се движи од **2,8%** до **3,9%**, а за преиначени од **0,6%** до **1,5%**. Квалитетот на одлуките според новата методологија од судија до судија, во граѓанскиот оддел, се движи за укинати одлуки од **2%** до **17,7%** и за преиначени од **0,6%** до **4,4%**.

Со ангажираноста на сите судии и административниот персонал, судот го совладал приливот од нови предмети и го намалил бројот на нерешени предмети за 1.467.

Кога се знае дека во 2012 година, извршните предмети од судовите целосно ќе се преземат од приватните извршители, а такви во

Основниот суд Охрид се **7.873** и за толку ќе се намали бројот на нерешени предмети, тоа значи дека во судот како незавршени од 2011 година би останале **5.422** предмети, што придонесува да се заклучи дека судот, во извештајната година бил **ажурен**.

Во тековната година потребно е судот да го задржи истото ниво на ангажираност, а дел од судиите да го подобрат квалитетот на одлуките. За надлежните органи постои обврска да ги разрешат финансиските проблеми на судот.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

**Основниот суд Прилеп** е првостепен суд со **проширена надлежност** и еден од поголемите судови во Република Македонија.

Основниот суд Прилеп 2011 година ја започнал со заостаток од **34.466** предмети, како нерешени предмети од претходната 2010 година. Во текот на 2011 година, во Судот се примени нови **25.580** предмети, така што вкупно во работа биле **60.046** предмети, од кои **29.241** предмети се вкупно решени и на крајот на извештајната година како нерешени предмети останале вкупно од сите видови **30.805** предмети, со кои судот ја започнува новата 2012 година. Споредбените податоци со изминатите години укажуваат на една тенденција за намалување на заостатокот на предмети во Основен суд Прилеп, што помеѓу другото се должи на зголемената ажурност на судот во решавањето на старите нерешени предмети и совладувањето на приливот на нови предмети

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** 2011 година работата ја започнале со остаток од **474** предмети од сите основи. Во текот на 2011 година примени се вкупно **4.208** нови предмети. Вкупно во работа во овој оддел во 2011 година биле **4.682** предмети. Во 2011 година, во овој оддел, вкупно се решени **4.281** предмети, а на крајот на 2011 година останале **405** нерешени предмети.

**Граѓанскиот оддел** на Основниот суд во Прилеп, 2011 година ја започнал со остаток код **26.804** предмети од сите основи, како предмети нерешени од претходната 2010 година. Во текот на 2011 година, примени се вкупно **14.371** предмети, по сите основи. Вкупно во работа во овој оддел на судот биле **41.175** предмети. Во 2011 година решени се **19.440** предмети а останале нерешени **1.900** предмети.

По однос на **квалитетот на решавањето**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** вкупно решени предмети се **703** а од обжалените предмети до Апелационен суд Битола, состојба до 31.12.2011 година е следна: потврдени се **58** предмети или **8,2%** , укинати се **28** предмети или **3,9%** а преправени се **9** предмети или **1,2%**. Овој просек на квалитетот е пресметан врз основа на бројот на обжалените предмети, како што се доставени од извештајот на Основниот суд.

Во **прекршочниот оддел** вкупно решени предмети се **3.076,** а од обжалените предмети до Апелационен суд Битола, состојба до

31.12.2011 година е следна: потврдени се **94** предмети или **3%** , укинати се **30** предмети или **0,97%** а преправени се **28** предмети или **0,91%**. Овој просек на квалитетот е пресметан врз основа на бројот на обжалените предмети, како што се доставени од извештајот на Основниот суд.

Квалитетот на решавањето на **процесните предмети во одделот за граѓански дела** е следна: вкупно се решени **1.998** предмети од кои од бројот на вратените по жалба од Апелационен суд Битола до 31.12.2011 год, потврдени се **296** предмети или **14,8%**, преправени се **39** предмет или **1,9%** , укинати се **104** предмети или 5,2% и делумно укинати **36** предмети или **1,8%**.

Од севкупноста на работењето на судот и судиите на овој суд, заедно со Претседателот на судот во извештајната година, се констатира дека судот работел **ангажирано и ефикасно** што се заклучува од фактот дека приливот од новопримени предмети од сите видови е совладан и решен, дури и е надминат, така што годината е завршена со нерешени **30.805** предмети а на почетокот на извештајната година затечени се од сите видови предмети вкупно **34.466** предмети.

Ако се има во предвид дека во тековната година судот е целосно екипиран со бројот на судии предвиден според систематизацијата и ако се има во предвид дека **заостатокот** на предметите може да се реши со поголемо ангажирање за период помал од **1 година**, можеме да констатираме дека овој суд според доставениот извештај за 2011 година, може да се сврсти во **редот на ефикасни судови**.

Судот, подолго време се соочува со недостиг на финансиски средства за редовно функционирање на судот како и со непополнување на упразнетите места во судот со раководни судски службеници и останати Административно-технички судски службеници.

Претседателот на судот заедно со вработените во судот, максимално се ангажирани да со подобра организација на функционирањето на судот и покрај присатните финансиски потешкотии и недоволниот број на вработени во администрација, работата да ја завршат во определените законски рокови и со подобрување на квалитетот и квантитетот на работењето во судот.

Што се однесува до квалитетот на работењето, на Претседателот на судот и судиите на овој суд, од сите прегледи во доставениот извештај, може да се заклучи и да се каже дека квалитетот во целина и поединечно по судии е на завидно ниво, но исто така со можност за понатамошно подобрување на квалитетот при решавањето на предметите.

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

**Основниот суд Ресен** претставува првостепен суд со **основна надлежност.**

На крајот на претходната извештајна година останале вкупно нерешени **835** предмети од сите области од неговата надлежност. Во текот на извештајната година, примени се вкупно **2.471** нови предмети. Вкупниот број на предмети во работа во извештајната година изнесува **3.306** предмети. Вкупно решени во извештајната година се **2.605**

предмети. Останале незавршени **701** предмет на крајот на годината. Ако се има во предвид бројот на вкупно решени предмети **2.605**, како и бројот на останати нерешени **701** предмет, останатите нерешени предмети може да се решат за период од **1,7** месеци односно до 3 месеци поради што Основниот суд Ресен може да се смета за **апсолутно ефикасен.**

Во однос на **констатациите за ангажираноста и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во граѓанскиот оддел, примени се **361** нови парнични процесни предмети, а решени се **324** предмети од што може да се констатира дека не е совладан годишниот прилив на предмети, а исто така, зголемен е вкупниот број на нерешени предмети од **183** предмети кои како нерешени останале од предходниот извештаен период на **220** предмети на крајот на извештајниот период.

Во кривичниот оддел, примени се **75 кривични предмети**, а решени се **77** предмети од што може да се констатира дека е совладан годишниот прилив на предмети, а намален е вкупниот број на нерешени предмети од **12** предмети кои како нерешени останале од предходниот извештаен период на **10** предмети на крајот на извештајниот период.

Состојбата со **прекршочните предмети** укажува на совладан прилив на предмети, примени се **406** нови предмети, а решени се **430** предмети во текот на извештајниот период. Намален е бројот на нерешени предмети во споредба со предходниот извештаен период од **92** предмети на **68** предмети кои на крајот на извештајната година останале нерешени.

По однос на **квалитетот на решавањето**, состојбата е следна:

По однос на квалитетот во решавањето на **парничните процесни предмети**, од **185** пресуди донесени во парничните процесни предмети **133** се обжалени или **71,89**%. Од **163** предмети вратени од жалбена постапка, во **91** предмет пресудата е потврдена или **55,83**%, во **14** предмети е преправена или **8,59**%, а во **58** предмети пресудата е укината или **35,58**% (земени се предвид сите предмети вратени од жалбена постапка вклучително и предмети кои се испратени предходната година). Пресметано во однос на вкупно решените **185** предмети, процентот на преправени пресуди изнесува **7,57**%, а на укинати пресуди изнесува **31,35**%. Последните два показатели се ориентациони бидејќи нема точен податок за одлуките по 133-те обжалени пресуди туку процентите се извадени од решените 163 предмети во извештајната година.

По однос на квалитетот, во решавањето на **кривичните предмети**, од **64** донесени пресуди и решенија за судска опомена **20** предмети се обжалени или **31,25%**. Од обжалените, **16** пресуди се потврдени или **80%**, а **4** се укинати или **20%**. (земени се предвид сите предмети вратени од жалбена постапка сметано и предмети кои се испратени претходната година). Пресметано во однос на вкупно решените **64** предмети, процентот на укинати пресуди изнесува **6,25**%.

По однос на квалитетот во решавањето на **прекршочните предметите**, од вкупно решените **430** прекршочни предмети во текот на извештајниот период, обжалени биле **16** предмети или **3,72**% од кои **11**

или **68,75%** се потврдени, **1** предмет е преиначен што изнесува **6,25**%, а **4** предмети или **25**% се укинати (земени се предвид сите предмети вратени од жалбена постапка сметано и предмети кои се испратени предходната година). Пресметано во однос на вкупно решените предмети **0,23**% се преиначени, а **0,93**% се укинати.

Состојбата со **стари предмети** во Основниот суд Ресен, во граѓанскиот и кривичниот оддел е следна:

На почетокот на 2011 година имало **21** стар предмет заклучно со 2008 година од **граѓанската материја**. Таа бројка се зголемила за **38** предмети. Вкупно во работа имало **59** стари предмети. Од нив решени се **37** предмети, а нерешени останале **22** стари предмети во која бројка не се опфатени извршните предмети.

Стари **прекршочни предмети** во работа биле **6** предмети и сите се решени.

Од стари **кривични предмети** во работа имало само **1** и истиот е решен.

Основниот суд во Ресен, во текот на извештајната година според постигнатите резултати го има совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд со оглед дека се примени вкупно **2.471** нови предмети, а решени се вкупно **2.605** предмети.

Гледано по видови предмети приливот на предмети е совладан кај кривичните предмети, прекршочните предмети и извршувањето на санкциите, а не е совладан кај парничните процесни предмети, вонпарничните предмети, истрагите и истражните дејствија.

Меѓутоа, имајќи го предвид малиот број на предмети по судија, неопходно е да се вложат напори, да се совлада приливот во сите области и да се подобри квалитетот во работењето на судиите, за сите постапки да се спроведат без одложување и да се оствари правото на правично судење за секој учесник во постапката.

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

**Основниот суд Струга** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во Основниот суд во Струга во 2011 година, биле примени во работа **14.164** предмети, вкупно во работа имало **18.086** предмети, од нив решени биле **14.229** предмети, а останале нерешени **3.857** предмети. Во 2011 година споредбено со 2010 година намален е приливот на предметите за **660** предмети, бројот на примени предмети во работа бил помал за **2.481** предмети и бројот на решени предмети е помал за **2.430** предмети. Во 2011 година судот го совладал приливот на предмети и го намалил за **65** предмети.

Во однос на **констатациите за ангажираноста** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Основниот суд Струга работењето во 2011 година го завршил како **ефикасен и ажурен суд**. Посебно апсолутно ефикасен е во **прекршочниот отсек и вонпарничниот и стечајниот отсек**, бидејќи остатокот на предмети може да биде решен за 3 месеци, а бил ефикасен во **кривичниот,** каде е совладан приливот и заостатокот на предмети е

намален за **39** предмети**, и граѓанскиот оддел**, каде е совладан приливот и заостатокот на предмети е намален за **26** предмети, т.е., бидејќи предметите можат да бидат решени за 5 односно 6 месеци. По однос на постигнатиот квалитет во просек по оддели, може да се заклучи дека судот покажал добри резултати во работењето.

Во однос на **квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Бројот на потврдени предмети кои што биле обжалени во 2011 година, квалитетот на работењето на судиите кои постапувале по предметите во кривичниот оддел, во просек изнесувал **72 %**, во прекршочниот отсек **71%** и во граѓанскиот оддел **73%**. Од изнесените податоци, произлегува дека квалитетот според потврдените предмети во сите оддели бил **добар**.

Во Основниот суд во Струга, вкупниот број на **стари нерешени предмети** е **168** предмети, од кои **49** кривични предмети, **2** прекршочни предмети,**40** граѓански предмети, **8** стопански предмети, **5** стечајни предмети, **1** вонпроцесен и **53** оставински предмети.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

**Основниот суд Берово** спаѓа во редот на првостепените судови со **основна надлежност.**

Во Основниот суд Берово во претходната 2010 година нерешени останале **931** предмети. Новопримени предмети во работа во текот на 2011 година биле **2.925** предмети, што значи вкупно во работа судот имал **3.856** предмети. Решени биле **3.543** предмети, а нерешени останале **313** предмети. Ова значи дека судот го совладал приливот за **618** предмети.

Во однос на **квалитетот на работење и ангажираноста на судиите**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од претходната 2010 година останале **104** предмети. Во текот на 2011 година во овој оддел биле примени **1.350** предмети. Вкупно во работа за 2011 година биле **1.454** предмети. Решени се вкупно **1.291** предмети, а нерешени предмети се **163**. Оттука се гледа дека приливот не е совладан за **59** предмети.

Од вкупно решениte во овој оддел **127** предмети на ниво на суд обжалени биле вкупно **37** предмети или **29,10%**, од кои потврдени се вкупно **25** предмети или **67,50%**. Преправени се вкупно **3** предмети или **8,10%** Укинати се **9** предмети или **24,30%.**

Во **граѓанскиот оддел** од претходната 2010 година останале **827** предмети. Во текот на 2011 година во овој оддел биле примени **1.575** предмети. Вкупно во работа биле **2.402** предмети. Решени се вкупно **2.252** предмети, а нерешени предмети се **150**. Оттука се гледа дека приливот е совладан за **677** предмети.

Од вкупно решените, во овој оддел, **326** предмети на ниво на суд, обжалени биле вкупно **221** предмети, од кои потврдени се вкупно **191** предмети или **86,40%**. Преправени се вкупно **11** предмети или **5,00%**. Укинати се **19** предмети или **8,60%**.

Во Основниот суд во Берово вкупниот број на **стари нерешени предмети** е **13** предмети, од кои: **1** парничен предмет за 2004 и 3 предмети за 2009 година, вонпарнични предмети имало: 1 предмет во 2002, 2003, 2006 и 2007 година, 3 предмети во 2008 година и 2 предмети во 2009 година, а оставински предмети нема. Во кривичниот оддел-кривични полнолетни, нема стари предмети за минатите години.

Основниот суд Берово спаѓа во помалите судови во Република Македонија во кој не е можно да се изврши стрикна специјализација на судиите по области. Основниот суд Берово во текот на 2011 година го совладал годишниот прилив за **618** предмети. Квалитетот на решавање на предметите во кривичниот оддел е подобар од претходната година, ако се имаат во предвид податоците според бројот на решените и обжалените предмети и тоа колку од нив се потврдени, а колку укинати. Квалитетот на работењето на судиите во глобала е на потребното ниво.

## ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

**Основниот суд Виница** е првостепен суд со **основна надлежност.**

**Судот** во текот на 2011 година имал вкупно во работа **4.132** предмети, од кои **432** предмети нерешени од претходната година и **3.700** примени во текот на годината. Од нив решени се **3.789** предмети, а останале нерешени **343** предмет. Според обемот на работа во судот, споредено со незавршениот заостаток од претходните години, во 2011 година, судот заостатокот го намалил за **106** предмети или **25%**. Во извештајната година, приливот е намален по обем за 316 предмети или **8%.**

Во однос на **констатацијата за ангажираноста и квалитетот во работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, податоците се следни:

Од претходната 2010 година во **кривичниот оддел** останале незавршени **261** предмет. Во 2011 година биле ново примени **1.558** предмети или вкупно биле во работа **1.819** предмети. Во текот на извештајната година во овој одел решени се вкупно **1.601** предмет и на крајот на годината останале нерешени **218** предмети.

Во овој оддел од вкупно решените **91** кривичен предмет, обжалени биле **29** предмети или **31,86%**, од кои од вкупниот број **17** предмети биле потврдени или **18.68%**, **12** предмети биле укинати или **13,18%** и **4** предмети преиначени или **4,3%**.

Искажаниот процент на потврдени и укинати предмети од второстепениот суд, укажува дека квалитетот на работењето во кривичниот оддел е на границата на задоволителен и е потребно да се подобри.

Во 2011 година кај прекршочните предмети приливот е совладан и остатокот е намален за **35** предмети. Од решени **726** прекршочни предмети обжалени биле **159** од кои **167** предмети биле потврдени, **37** укинати и **9** преиначени.

Во Основниот суд Виница во 2011 година биле примени вкупно **524** спорни граѓански предмети. Во 2011 година имало вкупно во работа

**603** предмети спорни граѓански, од кои вкупно биле решени **558** предмети. Се констатира дека кај граѓанските предмети решен бил приливот, а остатокот е намален за **34** предмети.

По однос на квалитетот на работа во граѓанскиот оддел од вкупно решените **345** предмети биле обжалени **120** предмети, од тие **107** предмети биле потврдени или **88,16%**, **16** предмети укинати или **13,33%** и **11** предмети преиначени или **9,16%**.

Од податоците искажани во извештајот може да се извлече констатација дека според процентот на **укинати пресуди** во однос на решените **на ниво на суд** тој изнесува: за кривичните предмети **12,90%**, кај граѓанските **4,35%** и кај прекршочните **5,10%**. Процентот на преиначени пресуди во однос на решени на ниво на суд кај кривичните изнесува **4,40%**, кај граѓанските **3,19**% и прекршочните **1,24%**.

Основниот суд во Виница во 2011 година, во рамките на својата надлежност го совладал тековниот прилив на нови предмети и го намалил заостатокот на нерешени предмети на **318**, што споредено со 2010 година изнесува намалување за **106** предмети или **25%**.

Споредено со 2010 година кога биле примени во работа **3.944** предмети, во 2011 година биле примени **3.628** предмети, кои податоци покажуваат дека обемот на работа во 2011 година бил намален за **316** предмети или 8%.

Според заостатокот на нерешени предмети кои изнесува **343** и бројот на судиите во овој суд и искажаните завршени предмети, заостатокот на незавршени предмети Основниот суд во Виница може да го заврши за **2 месеца работ**а, со што може да се искаже констатација дека овој суд спаѓа **во категоријата на ажурни и ефикасни судови**.

## ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО

**Основниот суд Делчево** спаѓа во категоријата на првостепени судови со **основна надлежност.**

Во Основниот суд Делчево во извештајната година имало вкупно во работа **5.939** предмет од кои **1.023** предмети останати нерешени од претходната година и **4.916** новопримени предмети. Во извештајната година вкупно биле завршени **5.226** или **88%** од предметите, а останале незавршени **713** предмети или **12%** предмети. Споредено со бројот на незавршените предмети во 2010 година, обемот на заостатокот на незавршени предмети е намален за **310**, или за **30,30%**.

Во однос на **констатациите по однос на работа во оддели**, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** во 2010 година останале незавршени **414** предмети. Во текот на извештајната година се примени нови **2.075** предмети и од вкупниот број на **2.489** предмети во работа, завршени се **2.169**, а останале незавршени **320**. Овие податоци покажуваат дека приливот е совладан и заостатокот е намален за **94** предмети или за **22,70%**.

Од вкупно завршените **602** граѓански предмети со пресуда се решени **363**. Од обжалените пресуди одлучено е по **334** пресуди. Од нив се потврдени **291** пресуда или **87,1%**, преправени **12** или **3,6%**, а укинати

се **31** или **9,3%**. Од вкупниот број на решени предмети потврдени се **48,3%**, преправени **2%**, а укинати **5,1%**.

Во 2010 година останале незавршени **83 кривични предмети** против полнолетни лица. Во извештајната година се примени нови **147** предмети, завршени се **182**, а останале незавршени **48**, со што е намален заостатокот за **35** предмети или **42,16%**.

Од вкупно решените **182** кривични предмети за полнолетни лица во извештајната година по жалба во Апелациониот суд Штип биле **46** предмети од кои се потврдени **28** или **61%**, преправени **5** пресуди или **11%**, а укинати **13** предмети или **28%**. Од вкупниот број на завршени предмети потврдени се **15,38%**, преправени **2,74%**, а укинати **7,14%**.

Во 2010 година останале незавршени **297 прекршочни предмети**. Во извештајната година се примени нови **448** предмети, а останале незавршени **196** предмети со што е намален заостатокот за **101** предмет или за **34%**.

Од вкупно завршените **549** прекршочни предмети во извештајната година се обжалени и одлучени по жалба **203** предмети и од нив **176** одлуки се потврдени или **86,7%**, преправени **14** одлуки или **6,9%**, а укинати **13** одлуки или **6,4%**. Од вкупно завршените предмети се потврдени **32,05%**, преправени **2,55%** и укинати **2,36%**.

Во извештајната година останале вкупно **7 стари предмети** и тоа **1** парничен предмет од 2008 година, **1** парничен предмет од 2009 година и **5** вонпарнични предмети од 2009 година.

Од искажаните податоци за работењето на Основниот суд Делчево во извештајната 2011 година, може да се констатира дека Основниот суд во Делчево го совладал приливот на нови предмети и заостатокот од **1.023** незавршени предмети од 2010 година го намалил по сите видови за **310** предмети или **30,30%**.

Совладан е приливот на парнични предмети, кривични предмети за полнолетни лица и прекршочни предмети, а не е совладан приливот на вонпарнични предмети, истраги и истражни дејствија. Заради ова е потребна поголема ангажираност на судиите по овие незавршени предмети.

Како заклучно согледување се искажува оценка за Основниот суд Делчево како **ефикасен суд** кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може да го совлада за **1,5 месеци**.

## ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

**Основниот суд Кочани** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Основниот суд во Кочани извештајната година ја започнал со **9.225** нерешени предмети по сите основи од претходната 2010 година, новопримени предмети имало **13.509,** што значи вкупно во работа имало **22.734** предмети. Од вкупниот број на предмети во работа по сите основи биле решени **21.369**, а нерешени останале **1.365** предмети. Општа оценка е дека судот постигнал **апсолутна ажурност во работењето**, бил совладан приливот на новите предмети, а во исто време намален е заостатокот на нерешени предмети за **7.860** предмети.

Во однос на **констатациите за ангажираноста и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел**, од претходната 2010 година, по сите основи во овој оддел останале нерешени **7.976** предмети. Во текот на извештајната 2011 година, во овој оддел, биле примени **7.204** предмети, па вкупно во работа судот имал **15.180** предмети од кои **14.561** предмет се решени, а **619** предмети останале нерешени. Од податоците на годишниот извештај на граѓанскиот оддел, произлегува дека годишниот прилив на нови предмети е совладан, а намален е и заостатокот на предмети, па така на ниво на одделот, судот има заостаток од **1,5 до 2,5** месеци во решавањето на предметите.

Од вкупно **14.561** решени во одделот, обжалени се **554** предмети од сите видови на ниво на одделот. Од истите: **417** потврдени, **97** укинати и **40** преиначени предмети, т.е. **75,3%** потврдени предмети, **17,5%** укинати предмети и **7,2%** преиначени предмети на ниво на граѓанскиот оддел.

Во **кривичниот оддел,** од претходната 2010 година останале незавршени **1.249** предмети, а во 2011 година биле примени **5.304** нови предмети или вкупно во работа имало **6.553** предмети од кои **5.807** биле решени, а **746** предмети останале нерешени.

При постапувањето по предметите по сите основи во овој оддел, приливот е совладан, а заостатокот е намален освен кај кривичните предмети за полнолетни лица.

Од вкупно **5.807** решени во одделот, обжалени се **422** предмети од сите видови на ниво на одделот. Од истите: **293** потврдени, **113** укинати и **16** преиначени предмети, се добиваат податоци за **69,4%** потврдени предмети, **26,8%** укинати предмети и **3,8%** преиначени предмети на ниво на Кривичниот оддел.

Просечниот **квалитет на работењето на судиите** од статистичките податоци како сооднос помеѓу бројот на обжалени и бројот на вратени предмети по жалба, во граѓанскиот оддел изнесувал, **75,3%** потврдени предмети, **17,5%** укинати предмети и **7,2%** преиначени предмети. Во Кривичниот оддел постигнатиот квалитет на работењето изнесувал **69,4%** потврдени предмети, **26,8%** укинати предмети и **3,8%** преиначени предмети. Според изложените податоци може да се констатира дека квалитетот на работењето на судиите кои постапувале по предмети во Граѓанскиот оддел е задоволителен, што не може да се каже и за Кривичниот оддел.

Во извештајната година се констатира дека **нема стари нерешени предмети**.

Во извештајната 2011 година Основниот суд во Кочани работел во делумно задоволителни просторни услови како од аспект на извршување на судиската функција така и од аспект на работата на судската управа, со непотполнет број на судии – 14 од 16 предвидени, непотполнети работни места на судски приправници и соработници и технички секретари на судии, со отежната материјално финансиска состојба, а со обезбедена информатичка опрема и воведен АКМИС програм за работа по предметите.

Од податоците на Извештајот за работата на Основниот суд Кочани, по сите основи, во извештајната година се констатира дека судот вкупно во работа имал **22.734** предмети од кои **9.225** нерешени предмети од претходната година и **13.509** ново примени предмети, од кои вкупно решил **21.369** предмети, а како нерешени останале **1.365** предмети.

Според ваквите услови и обем на работа и бројот од 14 судии кои постапувале по сите предмети вклучувајќи го и претседателот на судот, притоа имајќ предвид дека сеуште не се пополнети две судиски места, произлегува една општа оценка дека судот постигнал апсолутна ажурност во работењето, бил совладан приливот на новите предмети, а во исто време е намален и заостатокот на нерешени предмети за 7.860 од претходната година.

Остатокот на вкупно нерешени **1.365** предмети во сите оддели и по сите основи на крајот на извештајната 2011 година, а имајќи го во предвид вкупниот број на **21.369** решени предмети, покажува дека судот постигнал **апсолутна ажурност** во работењето и дека остатокот од нерешени предмети може да го реши за **0,7** месеци.

Од аспект на квалитетот на работата на судиите, кои од податоците на Извештајот може да се оцени само како сооднос помеѓу бројот на обжалени и бројот на вратени предмети по жалба, може да се заклучи дека квалитетот е задоволителен, особено во граѓанскиот оддел.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

**Основниот суд Радовиш** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Во извештајната 2011 година нерешени од претходната година останале **1.532** предмети, новопримени се **7.937** предмети, или вкупно во работа биле **9.469** предмети, од кои вкупно решени се **8.869** предмети, а нерешени останале **600** предмети. Основниот суд Радовиш успеал да го намали приливот и да реши дел од предметите кои биле останати од претходните години.

Во однос на **констатациите за ангажираноста и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во однос на обемот на работа кај **кривичниот оддел**, врз основа на искажаните податоци во табеларните прикази има минимално намален број на новопримени предмети во однос на претходната година и минимално е намален вкупниот број на предмети во работа, совладан е и приливот, а заостатокот е намален за повеќе од двојно, што дертиминира позитивна карактеристика за функционирањето на одделот во извештајниот период. Намален е приливот кај истрагите и кај одделните истражни дејствија, разните кривични дејствија, извршување на казнените санкции. За кривичните предмети против полнолетните лица, како и за прекршочните прдмети приливот за минимален број не е совладан.

По однос на **квалитетот на одлуките по кривичните предмети** состојбата е следна: од вкупно донесените **213** пресуди, обжалени се 42 пресуди или **19,7%**, необжалени се **171** пресуда или **80,3%**, од кои **34**

предмети се потврдени или **57,6%**, преиначени се **2** предмети или **3,39%** и укинати се **21** предмет или **37,29%**.

По однос на **прекршочните предмети** од вкупно решените **973** предмети, обжалени се **61** предмет или **6,3%,** а необжалени се 912 предмети, потврдени се **74** предмети или **80,4%**, укинати се **13** предмети или **14,1%**, во вкупниот број на решени предмети потврдени се **7,6%**, а укинати **1,3%**.

Во **граѓанскиот оддел** совладан е приливот кај сите видови предмети и заостатокот е намален, што детерминира позитивна карактеристика за функционирање на одделот за извештајниот период.

По однос на **вонпарнични предмети** во извештајната 2011 година обжалени се **32** предмети, од кои потврдени се **27** предмети или **84,37%** , укинати се **4** предмети или **12,5%** и **1** е отфрлен или **3,12%**.

Во извештајот на Основниот суд Радови дадени се сите податоци по однос на траењето на постапката за сите видови предмети.

По однос на **старите предмети** во Основниот суд Радовиш на крајот на 2011 година евидентирани се **22** оставински предмети, кои имаат квалификација на стари предмети.

Во Основниот суд во Радовиш во текот на 2011 година има значителен пад на нови предмети, а зголемен број на завршени предмети, така да се доаѓа до состојба на значително намален вкупен број предмети во работа на судот. Со оглед на измената на законската регулатива доаѓа до трансфер на дел од предметите, кои досега беа во судска надлежност во надлежност на други јавни служби, нотари и извршители. Поради тоа, судиите биле во неможност за совладување на ориентационата норма која е од објективна природа и надвор од моќта на истите. Тројца судии од Основниот суд Радовиш се делегирани во други судови од подрачјето на Апелациониот суд Штип. Финанските проблеми се дел од слабостите на функционирањето на судот и средствата што се обезбедени од страна на Судскиот буџет за функционирање на судот не ги задоволуваат минималните потреби, а просторните услови исто така подолг временски период претставуваат фактор кој има негативен одраз врз функционирањето на судот. Недостаток во функционирање на судот од објективна природа претставува и недоволната информатичка технологија, како и застареноста на постојната опрема. Во функционирањето на судот евидентирани се низа субјективни слабости кај носителите на судиската функција и судската администрација.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

**Основниот суд Свети Николе** е првостепен суд со **основна надлежност.**

Судот на почетокот од 2011 година, пренесени од претходната година, имал в работа **1.433** предмети. Во текот на 2011 година се примени нови **5307** предмети. Вкупниот број на предмети во работа во 2011 година бил **6.740** предмети, а во текот на 2011 година се решени вкупно **5.654** предмети, што значи нерешени на крајот на годината останале **1.086** предмети.

Основниот суд Свети Николе целосно го совладал, така што овој суд е **апсолутно ефикасен суд**.

Што се однесува до констатациите во поглед на **ангажираноста и квалитетот на работењето** состојбата е следна:

Во 2011 година во **кривичниот оддел** од претходната година биле пренесени **37** нерешени предмети. Новопримени се **156** предмети или вкупно во работа имало **193** предмети. Решени се **154** предмети, а од нив во извештајната година обжалени се **58** предмети, потврдени се **29** пресуди, преправени се **5** пресуди и укинати се **11** пресуди. Од вкупниот број на решени предмети процентуално се потврдени **18,8 %**, преправени **3,25 %** и укинати **7,14 %**.

Во 2011 година нерешени **прекршочни предмети** од претходната година останале **410** предмети, новопримени се **695** предмети или вкупно во работа биле **1.100** предмети. Решени се **847** предмети, а останале нерешени на крајот на годината **258** предмети.

Во 2011 година, во **граѓанскиот и вонпарничниот оддел**, нерешени предмети од претходната година останале **597** предмети. Новопримени се **1.990** предмети или вкупно во работа имало **2.587** предмети. Решени се **1.890** предмети, а нерешени останале **692** предмети. Во граѓанскиот и вонпарничниот оддел од решените предмети обжалени се **209** предмети или **21 %** од кои потврдени **180** предмети, преправени се **18** предмети и укинати се **27** предмети.

Основниот суд Свети Николе во текот на извештајната година остварил позитивни резултати. Целосно е совладан приливот така да овој суд е апсолутно ефикасен суд. Судиите во овој суд направиле напори и се ангажирале во одлучувањето на предметите и постигнале одредени резултати. Овој суд и понатаму треба да продолжи со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките преку засилен личен ангажман на судиите во насока на решавање на поголем број предмети, подобрување на квалитетот во пресудувањето и постојано стручно усовршување на судиите.

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

**Основниот суд Струмица** спаѓа во судовите со **проширена надлежност.**

На 01.01.2011 година во Основниот суд во Струмица како нерешени од претходната година останале вкупно **7.948** предмети. Во текот на 2011 година биле примени **23.890** предмети, или вкупно во работа биле **31.838** предмети. Во 2011 година биле решени **24.886** предмети, а останале нерешени **6.952** предмети. Во однос на претходната 2010 година, заостатокот е намален за **996** предмети. Со оглед на фактот да заостатокот на предмети може да се реши за помалку од **6** месеци, Основниот суд во Струмица спаѓа во редот на **ефикасни судови**.

Во однос на **ангажираноста и квалитетот** на судиите, констатациите се следни:

Во **кривичниот оддел** во 2011 година вкупно во работа биле **14.513** предмети. Од претходната година останале вкупно нерешени

кривични предмети **2.524** прдмети, а во текот на 2011 година примени се **11.989** предмети, во 2011 година решени се **12.159** предмети, а останале нерешени **2.354** предмети. Во овој оддел совладан е годишниот прилив. Во кривичниот оддел судиите кои постапуваат по кривичните предмети вкупно решиле **981** предмет, од новопримените и од претходно прикажаните укинати предмети од кои необжалени се **783** предмети, обжалени се **198** предмети или **20,2 %**, потврдени се **128** предмети или **64,6%**, преиначени се **17** предмети или **8,6%**, укинати се **53** предмети или **26,8%**, а од вкупниот број на решени предмети потврдени се **13,0%**, преиначени се **1,7%** и укинати **5,4%**.

Од 2010 година како нерешени во **граѓанскиот оддел** останале **5.424** предмети, во текот на 2011 година примени се **10.256** предмети, или вкупно во работа имало **15.680** предмети, од кои решени се **11.072** предмети, останале нерешени **4.608** предмети. Со пресуда вкупно решени се **1.289** парнични предмети, обжалени се **481** предмет или **36,5%**, обжалени се **846** предмети или **6,6%** од кои **381** потврдени или **80,9%**, преиначени се **27 п**редмети или **5,7%**, укинати се **63** предмети или 13,4%.

Во кривичниот оддел **стари и нерешени предмети** останале вкупно **14** кривични предмети за полнолетни лица, од кои најстариот е од 2005 година. Парнични стари предмети (имотни, семејни и работни) нерешени предмети вкупно има **34** од кои најстариот е од 1999 година

Имајќи го во предвид вкупниот број на предмети во работа, бројот на новопримените предмети, заостатокот од претходната година и за остатокот на предмети во тековната 2011 година, како и кадровските состојби во судот, можат да се констатираат следните предлог заклучоци:

Во извештајниот период Основниот суд во Струмица покажал висок степен на ефикасност и ажурност, имајќи го во предвид факотот да во текот на 2011 година не е потполнето само 1 судиско место.

Во наредниот период ќе треба да се доекипира со административно технички персонал, соработници и приправници, подетално дадени се информации во извештајот.

Исто така ќе треба да се замени компјутерската опрема во Основниот суд во Струмица која е стара, како би можело нормално да функционира програмата АКМИС, а исто така ќе биде неопходно да се потполни уште едно работно место за информатичар.

Судот во наредниот период треба да обрне посебно внимание на решавање на старите предмети, посебно кривичните, парничните, вонпарничните предмети.

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

**Основниот суд Штип** е првостепен суд со **проширена надлежност.**

Во 2011 година во Основниот суд Штип имало вкупно во работа **25.160** предмети од кои нерешени предмети од минатата година останале **7.390** предмети, новопримени во тековната година **17.770** предмети. Од овие предмети биле решени **19.702** предмети, а останале

нерешени **5.458** предмети, за **1.932** предмети помалку од лани, што значи дека судот го совладал приливот на новопримени предмети за **1.932** предмети. Основниот суд Штип во текот на 2010 година имал заостаток на нерешени предмети од вкупно **4.172** предмети, а во текот на годината истиот е намален за **3.628** предмети, овој суд се смета за **ефикасен суд**.

Во однос на **ангажираноста и квалитетот на судиите**, констатациите се следни:

Во **кривичниот оддел** вкупно се примени **8.378** предети, заедно со останатите од претходната година **3.218** предмети, во работа имало **11.596** предмети, од кои во текот на годината биле решени **9.617** предмети, а останале нерешени **1.979** предмети. Приливот е совладан за **1.239** предмети, заостатокот од претходната година е намален за исто толку предмети.

Во текот на 2011 година во судот решени се **824 кривични предмети**, обжалени се **291** предмет или **35,3%**, потврдени се **187** предмети или **64,00%**, преправени се **26** предмети или **8,9%**, укинати се **78** предмети или **26,8**%.

Во **граѓанскиот оддел** вкупно се примени **8.470** предмети, па заедно со заостанатите од претходната година **4.172** предмети, вкупно во работа имало **12.642** предмети, од кои во текот на годината биле решени **9.163** предмети, а останале нерешени **2.479** предмети. Од нерешените најголема бројка има извршни предмети и тоа **1.962** предмети. Приливот и во овој оддел е совладан и намалена е бројката на нерешени предмети од претходната година за **693** предмети.

Од вкупно се решените **9.163** предмети, обжалени се **226** предмети или **20%**, потврдени се **177** предмети или **66,79%**, преправени се **21** предмет или **8,01%**, укинати **66** предмети или **25,19%**, тоа се проценти од обжалените предмети. Од вкупниот број на решени предмети процентот е следен: потврдени **13,35%**, преправени **1,6%** и укинати **5,03%**.

Имајќи ги има во предвид горе цитираните бројки за судот за 2011 година, може да се констатира дека приливот на предмети е совладан, решени се повеќе предмети, а имајќи го во предвид и фактот што судот во текот на цела година работел со 2 судии помалку и со **65%** кадровска екипираност на административниот персонал, може да се заклучи дека судот бил **ажурен и ефикасен**.

Вкупниот број на стари и нерешени предмети е **2.163** предмети, што во вкупниот број на нерешени предмети **5.458** учествува со околку **40%**, што е голем процент. Најголем број од овие стари предмети се граѓански предмети **2.131** предмети, а само **32** се кривични предмети.

Судот во наредниот период треба да обрне посебно внимание на решавање на старите предмети од секаков вид, како и поажурно и ефикасно решавање на прекршочните предмети, извршни прекршочни и кривични предмети, како и извршните предмети од граѓанска област.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**